СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јануари 1994 година

Скопје, јануари 1994 година

**СПИСОК НА ДИСКУТАНТИ НА II ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 70-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 26.I.1994г.**

1.АРСОВ ДРАГИ – 11, 15
2. АБДИ ФАУК – 43
3. БОШКОВ ЈОРДАН – 6
4. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО – 23
5. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР – 35
6. ИВАНОВ ЉУБИСАВ – 20, 39, 50
7. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ – 40
8. КРСТЕВСКИ НИКОЛА – 46, 54
9. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ – 80, 81
10. ЛИЧОВСКИ ВЕЦКО – 5
11. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 16
12. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 1
13. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 4
14. МАНЕВ ЕФТИМ - 22
15. ПЕТРОВ ТОДОР - 32
16. ПОПОВСКИ ЉУПЧО – 56, 57, 59
17. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 19
18. СЕЛМАНИ НЕИМ - 3
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 8
20. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 69, 74
21. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 37
22. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 77
23. ЏАФЕРИ НЕЏАТИ – 74

основни точки:
1. Репуб.совет-избор стр.51
2. АСНОМ-50 годишнина, прослава-стр.5
3. Попис на населението-стр.68

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јануари 1994 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и со на неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Митко Анастасовски, Ѓулистана Марковска, Славе Наумовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Според договорот сега ќе минеме на точката 35.

Предлог на одлука за избор на членови на Републичкиот судски совет.

Предлогот на одлуката и новиот текст на Предлогот на одлуката, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес, молам Кој бара збор?

Господин Муртезани.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, денеска расправаме за едно многу важно прашање, а тоа е избор на членови на Републичкиот судски совет. Од предлогот доставен од страна на Изборната Комисија при ова Собрание имам принципиелни забелешки. Не е запазен ниту уставната одредба на Законот, а по однос на

компетентноста на кандидатите немам некои забелешки. Меѓутоа, во предлог - листата ни се предлагаат двајца кандидати пензионери, кои наполниле 40 години работен стаж и тоа во времето кога имаме доста невработени лица, односно доста млади кадри кои се вработени и кои уживаат авторитет и кои можат да бидат членови на овој важен Совет. Не знам под кои критериуми се предложени овие лица, кога го имаме предвид и кога до сега ние сме се жалеле и се жалиме на поставките, односно на одлучувањето во судовите. Кога велиме дека досега судовите не биле независни во извршување на нивната функција. Фактички, имаме доста забелешки околу оваа работа. Сега ни се предлагаат двајца пензионери да бидат кои се истакнати претставници, јас немам во ова ништо против, меѓутоа нивниот работен век го завршиле и сметам дека тие кандидати не треба да бидат предложени, односно избрани.

Освен ова, третиот кандидат е Врховниот суд на Република Македонија, кого го ценам посебно, меѓутоа, истиот е во границата, значи уште една или две години пред пензионирање. При предлагањето на кандидатите не е водена сметка по однос на судската пракса и територијалната поделба на Републиката, односно судовите каде се, на пример, немаме предложен кандидат од страна на ниеден окружен суд во Републиката. А такви ги имаме три судови сега засега. Освен тоа, немаме ниеден кандидат од општинските судови во територијата на Република Македонија, освен еден кандидат Кој е помлад, а тој е од Кичево, немаме ниеден кандидат од територијата, сите кандидати се кандидирани и живеат во Скопје. Според тоа, јас ниту го поддржувам ова лице, ниту имам да гласам за лицето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Селмани.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Дами и господа, по однос на Законот за судскиот совет мислам дека по тој Закон единствен закон за сите тие три закони, со кои што за прв пат во една демократска модерна држава, мислам на овој суд да биде самостоен да решава по сите прашања онака како што треба да се решава. Во Законот стојат основните компетенции и овластувања на судот, посебно на овој Совет Кој ќе дава правно мислење за избор на сите правосудни органи во Републиката, почнувајќи од основниот суд до Врховниот суд на Македонија. Според тоа, овој Совет при избор на овие судии ќе има големо значење токму и ќе зависи изборот на тие судии кои што ќе решаваат за сите спорни прашања од избор, па и други мислам правни прашања воопшто во една модерна и демократска држава. Според тоа, ако е тоа така, тогаш мора да се има предвид дека при изборот на овие судии мора да се води сметка за нивната професионална работа, Која што, ако се гледа од списокот ќе види- ме дека не е водено доволно сметка за изборот на овие судии. Токму тука како што спомна и претходниот дискутант дека се лица кои се пензионери, кои што се при крај на својот работен век, мислам на тие судии, а она што е основно дека од избор на тие судии мислам нема ниту еден Кој што професионално се занимавал, освен со двајца кои што се за овој совет. Затоа не е водено сметка и мислам националниот состав на судиите ако се има предвид дека се седум судии, а и според основните податоци кои што треба да стојат во Републиката треба да бидат најмалку двајца од судии албанци. Според тоа, ќе гласам за оваа листа, заради тоа што ќе се гласа поединечно за секој судија и ќе мора Парламентот да води сметка посебно за нивната, од аспект на професионалност, за што мислам овие судии ќе треба да одлучуваат за избор на сите судии и заменици на јавното правобранителство во Републиката, па според тоа ги молам сите при гласањето да водат сметка за кого ќе гласаат затоа што е многу битно за овој Совет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, и овој пат сакам да потсетам дека и при составот на овој Совет на судии пак се тргнува од една блиска околина, односно од градот Скопје и така што овде колку што сум јас запознат имаме три окружни судии во Скопје, Битола и Штип. Така, не се зафатени Битола во ниту еден случај, а камо ли ако тоа дојде за тој Општински окружен суд од Битола, конкретно велам би дошло до предлагањето на судиите, па затоа би требало и Битола да е застапена со еден член на овој Совет на судии, а исто така и од Штип, а и од овие другите градови каде што има окружни судови. Тоа не значи да бидат ограничени, да нема и од некој општински судија од другите градови. На овој начин повторно ја централизираме управата, оваа законодавната, со тоа што се се централизира тука и така што кога ќе дојдат работи да се расправаат по другите градови се се гледа од аспект каде се централизирани овие установи и на тој начин и така се одлучува, што тоа праксата го има докажано досега во поништување и одлучување на судии на одлуки од овие судови што се во градот Скопје, односно во Републиката.

Исто така, се сложувам со тоа што видете каков притисок се врши од невработувањето. Покрај невработувањето имаме сега 20 илјади стечајни работници. Во тие стечајни работници сигурно има и добри и квалитетни правници, кои што би можеле да одговорат зошто сега ние враќаме луѓе од пензија во тие судови, а каде што ќе биде таква сложна и отежната работата, да ги враќаме нив, а не му даваме предимство на оние кадри способни, млади, кои што треба уште да работат за да го дополнат својот работен стаж. Исто на тој начин си правиме една

контрадикција, така што одиме по едно старо правило, неводејќи сметка за вработувањето и за другите кадри, стечајни и други невработени, макар што меѓу нив, не велам сите, сум сигурен и подобри може да се најдат од овие што се предложени. Зошто пак овие се предложени? Кој даде пак таква основа дека тие се најдобрите во Републиката. Дали дале некое мислење другите општински одбори и окружни судови дека навистина овие се ѕвездите кои треба да бидат во Советот на судии. Та- ка, оваа листа не би ја прифатил да се гласа единечно, но поединечно за секој кандидат, па ќе видиме дали ќе можат да го добијат своето кандидирање овде пред Собранието. Затоа, молам пратениците да размислат околу тоа и да не одиме на штета на невработените и на стечајните работници и други ако се од работа, па би ослободиле тие работно место, па пак би се пополниле таквите работни места каде што ќе бидат испразнети.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Личовски.

**ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ**

Господа пратеници, за да ми биде чиста совеста во однос на гласањето на овој Судиски совет, бидејќи е еден од клучните со- вети во судството, мене ме интересираат само неколку работи да ми се објаснат за да можам тоа да го имам предвид.

Прво, претходно ние добивме една Предлог - одлука со предлог на одреден број на членови - кандидати. Меѓутоа таа Предлог - одлука што ја добивме се измени со нов текст и се вели Предлог - одлука за избор на членови на Републичкиот судски совет, каде што веќе тука не се оние истите кандидати, кои што беа на првата листа.

Ме интересира следното, Кој ги даде овие предлози, прво, за Предлог - одлуката на првиот. Кој изврши и под кое влијание се изврши вториот нов текст. Тоа е едно. Кој ги предлага кандидатите за Судскиот совет. Тоа е трето. Четврто, зошто е променета првата листа а сега веќе се предлага некоја друга нова листа или ако не дојдевме на оваа седница, во тој случај сигурно ќе се променеа и другите членови кои што се предложени на Предлог - одлуката и едно она што го поддржувам Мицевски дека гласањето јас би предложил воопшто да биде поединечно, затоа што овој Судски совет е еден од најголемите форуми на судството, бидејќи тој Судски совет ќе ги предлага судиите итн., па затоа сметам дека треба да избереме такви членови, кои навистина ќе одговорат на решението, односно на барањето на Судскиот совет за да може да се дојде до саканата цел. Бидејќи сега спрема нашите законски прописи Судскиот совет е тој Кој што ги предлага судиите и после тоа веќе судиите стануваат постојани непроменливи, таканаречено ако немаат некое свое дело. Затоа, предлагам поединечно гласање за секој член на Судскиот совет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господинот Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, ние сите ја делиме желбата да се воспостави третата власт, судската. Републичкиот судски совет е еден од тие потребни темели за воспоставување на таа власт. Јас немам да навлегувам во тоа дали тука некои чекори се избрзани или преместени во редоследот, но сакам да укажам при општиот претрес на околноста што таа власт ќе му суди на народот, а народот има своја традиција, има

свои карактеристики. Меѓу тие белези спаѓа и вероисповеста. Лично не ми е мило во поднесената документација, т.е. во поднесениот материјал кон Предлог - одлуката за именување Републички судски совет во приложените биографии да нема и една информација во Која вероисповест се кандидатите.

Минататаноќ на телевизија го следев директното обраќање на американскиот претседател до Конгресот американски и до нацијата.

Тоа беше подолг говор, овдека не мислам да репродуцирам ништо од тоа што е кажано, но само ќе напоменам дека завршната секвенца од говорот, говореше и го содржеше бога. Затоа, сакам ова мое размислување околу целисходноста дали можеме ние да именуваме ваков висок орган во државата без обележје верско да биде споделено и од вас, а како минимум барање би било тоа, како информација, сепак, да биде внесена во тој материјал.

Сакам само да напоменам дека кога го претресувавме законот за судовите Кој не е донесен тука, затоа што постојано се нешто условува и уцената е во тек, еве и четвртата година по ред од посилната страна, имаше амандман околу тоа судиите при нивното назначување кога ќе даваат заклетва да се колнеле на своето свето писмо. Еден текст Кој беше непрочистен и остана и еве толку после месеци, ако не и цела година од таа дебата не растолкуван, дали ќе беше корисен или не, но сепак за мене останува потребата од тоа во оваа одлука да имаме и таква информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Моето учество во работата на оваа седница ќе биде насочено така што ќе се залагам овој предлог да се симне од дневен ред од следните причини. Судскиот совет треба да се конституира за потребите на работа во судството, односно поточно кажано во третата власт така наречена судска власт. Овој совет ќе има смисла ако навистина беше донесен законот за судовите. Тогаш ќе има и организациона смисла и ќе има потреба овој совет да функционира. Вака,додека тој закон не се донесе ние ќе имаме на товар на Буџетот, на државата седум луѓе кои само ќе доаѓаат на одредено место ќе се собираат без никакво задолжение. Основната задача на судскиот совет е да ја следи работата на судовите, да води грижа околу избор и отповикување на судиите и водење на дисциплинската постапка, односно уредноста на судиите во извршување на своите редовни работи. Што од овие три функции ќе може да врши овој судски совет кога во одредбата на член 15 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на РМ е пред- видено дека изборот на судиите по одредбите на Уставот ќе се врши после шест месеци од конституирањето на судскиот совет. При една ваква работа се прашувам зошто ни е еден институт Кој нема предмет на работа. Досега по Законот за судскиот совет спрема судиите не може да се поведуваат судски постапки за дисциплинска одговорност затоа што таква одговорност со постојниот сегашен закон за судовите не е дозволено. Единствено што овој совет би можел да работи, тоа е работата околу дисциплинската одговорност на судиите. Штом такво овластување нема, затоа што е предвидено во Законот за судовите таму треба да се утврди што претставува потешка повреда на работните обврски, меѓутоа тоа го нема направено и овој совет не ќе има потреба за дејствување. Вториот

дел,кога го гледам предлогот на листата утврдена од Комисијата за избори и именувања, господа пратеници јас гледајќи ги предложените членови, а се работи да се утврдува основна дисциплинска одговорност што ќе треба да биде на судиите во овој состав не гледам ниеден судија да учествувал во првостепена постапка, ниту еден кандидат, затоа што лично ги познавам сите.

Василеие Ристевски од Предлогот се гледа дека работел во некои општествени организации, бил во законодавството и на крај дошол во Врховниот суд и е раководител на одделението за управни спорови таму нема контакт со редовна работа и со одговорност во смисла на дисциплина и слично. Колегата Мугбил Бејзат бил судија, меѓутоа сега е пензионер. Зарем оваа држава не ќе има место да се пополни со луѓе кои се сега вон работа, односно на работа, имаат познавање од оваа материја, па ќе се обраќаме на Фондот на пензионерите да ги враќаме назад на работа. Тоа е едно што ми прави пречка за овој кандидат. Третиот кандидат е претседателот на Врховниот суд колегата Тихомир Величковски доаѓа од судија на Стопански суд и претседател на Врховен суд, допирно тој има врска со судовите меѓутоа со одговорноста на судиите колку е станува прашање. Меѓутоа сметам дека сепак и досегашната организација му дала можност таква некоја работа да има. Осман Кадриу се работи за стручен соработник кога одлучувавме во Уставната Комисија и кога го донесовме Уставот се говори за истакнати правници и судии. Г-динот Кадриу е стручен соработник. Зарем нашата снага на оваа држава се сведе на тоа истакнати правници и судии да се сведе на стручни соработници и приправници.

II/3.-

Љупчо Арнаудовски, е човек во пензија, да го вратиме назад, тој никогаш не бил во суд, што бара во таа организација? Генерациски од факултет се знаеме, меѓутоа имал други определби, се определи на кривично право како професор што не е и извршител во постапката. Оваа листа е пореметена со новиот предлог. Сега гледам г-динот Милош Симоновски не е веќе кандидат, на негово место доаѓа друг.

Вера Терзиева - Тројачанец исто своевремено сме се сретнале некаде во времето на школувањето академско. Сега е судија на Уставен суд. Контакти со работа на судиите во нивната одговорност немала. Што значи дека предлагачот на оваа листа ќе треба да се позанимава поблиску со избор на кандидатите, а посебно на оние личности кои се веќе пензионери и оние кои се века кандидати апсолутни за пензионери, затоа што со избор во овој судски совет тие добиваат мандат од 6 години, а замислете по години на раѓање тројца од овие кандидати овде се веќе апсолутно кандидати за од наредната година да бидат пензионери. Дали нема да се наруши Законот за пензиско и инвалидско осигурување кога еден од условите за престанок на работен однос е исполнување на условите за одење во пензија. Што ќе може да се направи, овие луѓе што ќе можат да работат заправо ако законот за судовите наскоро не се изгласа, или апсолутно не се изгласа, ние ќе имаме четворица луѓе кои ќе примаат плата, или да се вратат од пензија на плата, или од плата да одат во пензија и ќе се занимаваме со непотребни работи. Да, веднаш или ова Собрание, или наредниот созив после редовните избори кои ќе бидат оваа година да врши нов избор на членови на судскиот совет.

Да не бидам некритичен, некој ќе се присети, па ќе каже: како Томислав Стојановски за сите кандидати кажа нешто, а за кандидатот Никола Крстевски не рече ништо, затоа што е од негова партија па ете случајно го заборави. Јас мислам дека г-динот Крстевски во моето излагање се

вклопува во општото мое залагање дека членовите на судскиот совет ќе треба да бидат избирани оние луѓе кои имале контакти, или работеле во судството. Колегата Крстевски не е еден од таквите кандидати.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници согласно со уставното начело за поделба на власта на законодавна, извршна и судска Уставот пропишува Републичкиот судски совет да предлага избор и разрешување на судии, да одлучува за дисциплинската одговорност и да ја оценува стручноста и совесноста на судиите. Пред нас е Предлог одлуката за конституирање на републичкиот судски совет Станува збор за важна одлука во Која ќе зависи како ќе се воспоставува натамошната самостојност на судската власт, што е битен услов за изградба на правната држава. Досега на инсистирањето на нашата пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ нема одговор од страна на Владата за оценка на состојбите во судството и на основните прашања што треба да се уредат со Законот за судовите и последиците што можат да произлезат од донесувањето на овој важен закон. Ако сме соочени со фактот дека на нов начин ќе се уредува именувањето и разрешувањето во  на судиите кои досегашната практика и во поранешните закони го немаше тој нов начин,ако во тој нов начин сега се вклучува Републичкиот судски совет таа нова структура се менува, тоа претставува една голема новост за процесите на нашата демократија. Ако тој судски совет што треба ние сега со изборот на членовите да овозможиме да се конституира со свој печат и содржина во Која покрај името ќе го содржи и грбот на Република Македонија, ние мораме да расчистиме со некои идеолошки прашања кои се уште не оптоваруваат, а пример за тоа е постојниот грб на Македонија. Сметам дека се додека не бидеме ослободени од таквиот

идеолошки товар, од таквата идеолошка оптовареност, ние не можеме да зборуваме дека се создадени услови за независно судство. Предложениот состав на членовите на Републичкиот судски совет особено не такви членови кои што биле, или се челници на поранешниот секретаријат за внатрешни работи, или долгогодишни сојузни функционери, сето тоа за нас сега не претставува навистина една доволна гаранција дека ќе обезбедиме независна судска власт, односно дека ќе се изврши бараната поделба на власта на законодавна , извршна и судска. Од исклучително значење е составот на судскиот совет. Тоа го покажува искуството и во Европските земји со развиена демократија. За жал овде од страна на нашиот министер за правосудство и управа не можевме да чуеме некои искуства од странски земји. Тука не се проговори за тие искуства за да можеме ние да се послужиме со еден компаративен приказ на составот на судските совети, да речеме во Италија, Франција,. Австрија, Шпанија Португалија и на било Која европска земја, ако нашето судство сакаме да го престроиме според европскиот модел. На пример, не се спомнува дека италијанскиот Консилио супериоре дела магистратура, дека ова тело кое прима во служба припадници на редовната магистратура, им одредува седиште и функции и одлучува за нивното унапредување и дисциплинската одговорност, дека ова тело според Законот од 1967 година што беше усвоен во Италија е составен од 33 членови и тоа од претседателот на Републиката,од претседателот на касациониот суд членови припадници на магистратурата кои ги бираат самите судии, универзитетски професори итн. Наведениот италијански состав на судскиот совет се почитува и претставува пример за натамошното конституирање на законодавната власт и на законодавните решенија на судските совети во Шпанија и Португалија. Во Франција е во тек работата на посебна

II/6.-

Комисија за реформа на положбата на магистратурата, се предлагаат поголеми овластувања, се предлагаат уште по темелни ревизии на составот на судскиот совет. Тие реформи и тие искуства од европските земји што постојат и што се користат од многу европски земји, нас ни останаа непознати, ниту пак овде послужија како пример кои што ние можеме да ги користиме во нашата практика при решавањето на вакви значајни прашања.

Наспроти тоа кај нас уште во стартот не се почитува ниту Уставот, ниту Законот. Постапката за именување на членови на судскиот совет според одредбите на овој Закон во дадениот рок, во рок од 6 месеци како што сите знаеме не се почитува. Значи рокот не е запазен, а Владата за тоа нема никакво објаснување, ниту пак ние овде во ова Собрание досега сме проговориле за ваквото непочитување на една ваква законска обврска. Не е можно именувањето на сите судии преку усвојувањето на Законот за судовите. Тоа именување мора да биде согласно според законскиот состав на судовите за соодветните судски места кои не се конституирани. Во судството постојат празнини, постојат блокади на цели судски институции, постои една хаотична состојба за Која не се зборува, нема ниту една исцрпна информација од страна на Владата за таквата состојба во судството. Владата и натаму молчи, иако ние инсистиравме на дневен ред да се постави таквата состојба во нашето судство. Нема гаранции пред се како што реков од идеолошки аспект дека ќе се обезбеди целосно одвојување на судската власт од законодавната и извршната власт, затоа што кај нас се уште постои тоталитарна власт. Нема спремност да се дели власта врз основа на изборните резултати со политичките неистомисленици, исклучувањето на правото на политичките неистомисленици да учествуваат во власта врз основа на изборните резултати се исклучува и постоењето на правната држава.

II/7.-

Право на оние што поинаку мислат да учествуваат во власта е основната содржина за правната држава,а не е правна држава само почитување на законите. Такво почитување на законите имаме и во една тоталитарна држава, меѓутоа таквата тоталитарна држава не е и правна држава. Никогаш тие држави не биле правни ниту во современа смисла, ниту во смисла на поимот правна држава.

**ДРАГИ АРСОВ:** (Продолжение)

Со пренагласените ингеренции на извршната власт, со ингеренциите што ги презема Министерството за правосудство и управа што се спротивни на Уставот за самостојност и независност на судската власт покажува дека кај нас се уште не се создадени основните услови за независно и самостојно судство. Извршната власт со преземање на такви ингеренции од страна на Владата ќе се препишуваат и мерки за одредување на материјалните примања на членовите на Републичката судска власт. Сето тоа зборува дека ние не можеме да обезбедиме основ- ни услови за едно самостојно и независно судство.

Од предложените кандидати не се гледа дека членовите својата должност ќе ја вршат професионално бидејќи нивниот профил не не уверува дека ќе бидат ослободени од партиската припадност и дека тие нема да поаѓаат во своето дејствување и работење и извршување на своите задачи од општата морална и стручна способност.

Страхувам дека со овој судски совет на судската власт и на целокупната судска власт не ќе може да се воспостави поцелосна кон- трола и страхувам дека таа не ќе може да ја обезбеди самостојноста затоа што видлива е позицијата на наметнување од страна на постојната извршна власт, што сето тоа не е во согласност со уставното начело за троделбата на власта. Некои од досегашните судии односно некои од досегашните членови , како и некои од досегашните членови што се предлагаат за состав на судскиот совет сведоци сме дека во својот изминат судски стаж, или професионален стаж беа во основаројугословенски или анти македонски ориентирани, или му служеа на таквиот режим. Некои од нив беа приврзаници и подобни за еден систем

и нормално е дека ние не треба односно треба да се воздржиме од таквите кандидати затоа што тие сега не можат да бидат подобни за еден друг систем, против Кој систем се бореа со сите средства. Сето тоа не е гаранција за натамошниот развој на демократијата во нашата Република, не е гаранција за заштита на сите облици на човековите права, а пред се за независноста на судската власт.

Од тие причини предлагам Предлог одлуката да се симне од дневен ред и да се поднесе нов предлог во согласност со изнесените забелешки.

На крајот сакам само да потсетам дека ние овде со предлог листата на членовите на Судскиот совет не добивме уверување дека сите тие членови се и државјани на Република Македонија. Не добивме при- ложено државјанство. Јас не сум сигурен дека ние можеме да избиреме некои за член на судскиот совет додека некој од нив прифатил или е спремен да прифати некое туѓо државјанство.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, зборувам како член на Комисијата за избор и именување на Собранието на Република Македонија.

Овде се поставија неколку прашања од претходните дискутанти. Прво и прво сакам да му одговорам на пратеникот Вецко Личоски, кои негледајќи го добиениот материјал си поставува прашање Кој ја измени првата одлука на сметка на втората одлука.

Во Предлогот на одлуката што ја добивме, дали едната или другата јасно пишува како дојде до промена на правата одлука. Доколку се погледа и образложението и извештајот на Комисијата за прашања на

изборите и именувањата од седницата одржана на 19 јануари 1994 година се гледа дека ги разгледа амандманите поднесени на Предлогот на одлу- ката и го усвои амандманот според кои на местото Милош Симоновски за член на Републичкиот судски совет беше утврден Никола Крстевски, пратеник и претседател на Комисијата за прашања и избори за прашања на избори и именувања на Собранието на Република Македонија. Тоа е одговор на едно од прашањата, со што мислам дека пратеникот би требал да биде запознат.

Околу настапот на последниот пратеник, пратеникот господин Драги Арсов, да кажам дека на оваа говорница веќе имам реплицирано на некои излагања на членовите од мојата партија. Мислам , после три години некој нон стоп да лепи, така речено, етикира или ги обележува без разлика за било Кој член да се работи, или граѓанин на Република Македонија со минатото и нон стоп да се пласира идејата за пројугословенство или, цитирам "беа југословенски ориентирани", јас мислам дека тука се работи за нешто друго и на поширок план би требало да размислиме.

Не си давам право јас како член на Комисијата за било Кој кандидат од било Која партија да си дадам право тоа да го споредам со минатото. Мислам дека е време и како колега и како член на овој Парламент после две години од донесувањето на Уставот континуирано и континуирано некој да сакаме да ги дискредитираме, или да ги одбележуваме со некои така наречени"од старо", "во минатото" и т.н.

Јас сакам сепак говорницата на парламентот да не ја злоупотребуваме и јас не сакам да ја злоупотребувам со вакво етикирање. Апсолутно. Ништо не ми значи претходните, или предложените членови во судскиот совет што биле и како биле ориентирани. Веројатно, може сигурно од овие што сме овде 50% бевме тоа истото. Но споменувајќи често пати југословенската ориентација на

некои граѓани на државата те македонци за мене претставува едно враќање или потсетување на секогаш, така наречената сентименталната или носталгијата ја враќаме на тоа што треба. Нон стоп сакаме да ги храниме овие пратеници тука со југословенство. Тоа најмалку го очекувам од некој пратеник Кој што е од мојата партија.

Околу настапот на пратеникот, господин Томислав Стојановски, образложувајќи го кандидатот и давајќи карактеристика за кандидатот Никола Крстевски како некомпетентен и т.н. мислам, го почитувам пратеникот Томислав Стојановски, но тој истиот кандидат што е предложен во оваа листа прво и прво е претседател на Комисија за избори при Собранието, на Која веќе три години работи како претседател. На претходните седници тој истиот претседател имаше материјал понуден до сите членови , и Вие како член и претседател на друга Комисија можете да видите колку материјали имавме тука од Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Прво, тука сигурно имавме пред година или две години нон стоп од истиот тој претседател предлагано и именувано судии. Никогаш не беше кажано дека тој нема квалитети за да ја прифати таа функција. Тој како член и претседател на Комисијата за избор и именување сигурно требаше да му биде оспорено тогаш кога го предлагаше изборот на судиите, а не сега кога влезе и он како претседател на Комисијата како еден од членовите на судскиот совет. Мислам дека тезата околу неквалитетот на еден кандидат не би требало така да се девалвира.

Исто така, тука многу се зборува за минатото на некои личности т.е. на кандидатите од понудената одлука. Најчесто може да се забелешки во излагањето на претходниот дискутант "ние не можеме да се ослободиме ", "ние мора "и т.н. Точно така, ние не можеме да се

ослободиме, но ние не можеме да се ослободиме од многу работи уште. Но ако сакаме да се вратиме се на минатото, па никогаш нема да се ослободиме, без да нудиме нешто за во иднина. Овде ништо апсолутно не ни се понуди како би требало да изгледа тој судски совет. Се дискутира овде како изгледаат судските совети во другите држави, а тоа секој имал право да си го каже при претресот на комисиите за формирање на судските совети во другите држави. Најмалку на оваа говорница можеме да цитираме такво нешто. Ако земеме сега 15-20 држави јас можам да дадам пример за други 50 држави како функционира судскиот совет и сигурно нема никогаш да дојдеме до целта со такви излагања.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господо. Навистина кога дискутираме односно кога даваме наше мислење за едно вакво тело односно за судски совет во овој случај, од оваа дискусија како што гледам приодот ни е погрешен затоа што приодот ни е со голема недоверба кон луѓето кои се предложени да бидат членови на овој совет. Бидејќи претпоставувам, а јас најмалку ги познавам овие луѓе дека се работи за луѓе со авторитет,меѓутоа во овој случај најдени се во една меѓупартиска ветрометина и сега ако ние дискутираме и даваме квалификации од партиска позиција тоа е веќе или партиска субјективност и не сакам да верувам дека можеме да дадеме точни, јасни и веродостојни квалификации.

Исто така не сум задоволен од тоа колку се застапени судии албанци во овој состав, јас знам, веднаш некој ќе почне да замерува на тоа дека и тука се бара некој национален клуч, меѓутоа знам и тоа дека националниот клуч понекогаш исклучува недоверба, а тоа е многу важно особено кога се работи за тела односно институции кои се конституираат во почетокот кога се поставуваат основите на еден демократски систем.

III/6.-

Без разлика како се предложени, а јас знам дека се предложени веројатно и од претставници на политички партии, меѓутоа вакво тело треба да има. Значи, ваква институција треба да се постави. И ако одиме секогаш со вакви претпоставки дека беа вакви и вакви луѓе односно припаѓаа на една партија меѓутоа тешко е да се извлечат луѓе за вакво тело кои немаат едно партиско минато, а партиско минато ние имавме такво каково што имавме. Затоа очекував дека дискусиите ќе бидат за тоа колку се луѓето квалификувани односно колку можат да се носат со една ваква проблематика т.е. да бидат членови на еден навистина многу важен орган т.е. судски совет.

Би поставил едно прашање, јас не знам дали може да ми одговори бидејќи се работи за орган односно тело кое исклучиво ќе се бави со проблемите на судството дали е консултирано здружението на судиите бидејќи знам дека во последно време се конституираше односно се формираше и едно здружение на судии, каде јас мислам дека нивното мислење би требало многу повеќе да се почитува во овој случај. А голем хендикеп е и тоа што се уште не е донесен законот за судовите, со тоа се согласувам и со другите меѓутоа претпоставувам дека како и да е мора да се оди да се конституираат тела, институции кои ќе бидат основа за да се развиваат односно да се поставаат демократските односи целосно во Република Македонија.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Пред овој судски совет претстои една огромна работа, а пред се работата во однос на реформата воопшто на судството. Добро би било, бидејќи се укинуваат стопанските судови кога и од тие судови би имале ние некој предлози во овој судски совет.

III/7.-

Јас се придружувам кон оние размислувања кои укажаа дека во судскиот совет треба да имаме што поквалитетни луѓе, луѓе кои поминале низ праксата и доколку е тоа можно, кои поминале низ сите области на судење. Да суделе од граѓанска област, од кривична област, од областа на судско стопанство и т.н. Ние имавме еден таков предлог, тоа беше господинот Милош Симонов, Кој бил судија и судел од граѓанска област, од кривична област, бил претседател на суд, бил судија во Стопански суд, претседател на Стопански суд, но гледам дека е заменет со друг кандидат. Јас немам ништо против тој кандидат, меѓутоа имам против што е една таква компетентна и високо квалификувана личност заменета и што не е присутен по предлогот за судскиот совет. Во врска со тоа ние, десетина пратеници поднесовме амандман и ќе ве молам тој амандман со најголемо внимание да се погледа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Ефтим Манев.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, како дел од пратениците кои што дискутираа претходно и кои се изјаснија дека предложената листа не ќе ја поддржат во тие пратеници припаѓам и јас. Доколку се гласа за листа, таквата листа нема да ја прифатам и тоа од следните причини

Се придружувам кон размислувањата на другите пратеници дека старосната структура на предложениот судски совет е доста висока Тоа е една од причините .

Втора причина е тоа што иако предложените членови на Судски совет претежно сега работат во Уставниот суд и во Врховниот суд, а сепак сметам дека Судскиот совет како орган што се формира во ова време ите како има тешка задача, да го организира, предложи и избере судии во основните или општински и другите инстанци на судовите.

За да се изврши една ваква работа покрај стручноста, квалификационите познавања на луѓето што се во тој судски совет, неопходно е тие луѓе да ги познаваат и судиите од теренот. Судскиот совет за да ја изврши совесно работата ми се чини дека е неопходно, најмалку тројца членови во тој Совет да припаѓаат по еден член од окружните судови кои што сега постојат, кои што судии итекако ги познаваат судиите на теренот, итекако ја познаваат работата на теренот и на судиите од општинска па и од окружна надлежност, кое нешто ќе придонесе за да имаме и правилен избор на судии. Инаку, кога тој Судски совет би предложил судии, ние пратениците не ќе ги знаеме тие луѓе кои се, а на нас останува само да кренеме рака, или да не кренеме

рака од укажувања посредни или непосредни. Исто така, сепак сметам дека иако Судскиот совет требаше да се формира многу порано, се додека не се постигне консензус меѓу партиите и да се донесе законот за судовите може да остане тој Судски совет подолго време како Судски совет да работи барем на стариот закон за судовите во Кој што многу мала примена таквиот судски совет ќе нај де.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници се наоѓаме пред еден исклучителен момент затоа што сите ние знаеме дека власта во една држава е воспоставена во една демократска држава и се дели на три главни елементи, извршна власт, Која е концентрирана во Владата, парламентарна власт односно законодавна што е во Парламентот и конечно судската власт Која треба да биде независна и од парламентарната и од извршната власт. И ќе биде еден своевиден контролор, односно навистина ќе биде она што во секоја нормална демократска држава гледаме дека во практиката се докажува дека е исправна политика. Сигурно најкарактеристичен примерот е во САД каде што таа независност на судската власт е можеби е и најкарактеристична и има најдолга традиција и знаеме што претставува да се биде судија во САД; што претставува да се биде член на Врховниот суд на САД или на Уставниот суд на САД: Го истакнувам тој пример како пример, според Кој ние треба да се равниме и да размислуваме ако навистина сакаме да зборуваме за една вистинска демократска држава во Република Македонија.

Зошто го истакнав тој пример? Го истакнав затоа што деновиве преку средствата за јавно информирање, кои што за жал уште еднаш само покажуваат дека се диригирани од страна на извршната власт и она што и е потребно на извршната власт, тие едноставно го форсираат и прават проблем од тоа во македонската јавност и имавме можности да го видиме. Деновиве и последниве месец - два се појавија во информативните весници и на МТВ десетина коментари во кои се коментираше невоспоставувањето на судската власт при што единствен виновник што имаме хаос во судството се истакнува примерот дека тоа се прави затоа што немаме избран судски совет и затоа што ги немаме новите закони за судовите. Притоа се заборава дека и во овој момент во Република Македонија, како некој судија сака да работи според законот , има многу јасен и прецизен закон и тој може и натаму да работи по тој закон.

Денешната седница , односно предлогот што можеме да го видиме за Судскиот совет, Кој потоа фактички ќе биде главниот елемент а тој ќе биде оној што ќе ги предлага сите судии во Република Македонија, доволно јасно зборува што не очекува околу конституирањето на третата власт во РМ, а тоа е судската власт.

За жал овој список на луѓе што е доставен пред нас воопшто не гарантира она што треба да го гарантира секоја нормална демократска држава. Тоа е дека судството во РМ навистина ќе биде независно, пред се од извршната власт. Излегуваме од еден период од 45 години каде што знаеме дека судството беше под строга партиска контрола на бившиот сојуз на комунисти на Македонија. Излегуваме со надеж дека токму демократизацијата на нашата држава ќе ја почувствуваме токму во овој сегмент. Имено, да може секој 6д нас како граѓанин на РМ да се

чувствува рамноправен пред тие судови во РМ. Секој од нас без разлика на националноста, без разлика на кое етничко малцинство припаѓа што живее во РМ, ќе биде навистина безбеден пред судовите во РМ. И кога зборуваме и кога го злоупотребуваме поимот на граѓанската држава, токму граѓанската држава на ова прашање најмногу можеме да ја видиме. Дали утре овој Парламент на секој граѓанин на РМ без разлика на кое малцинство припаѓа, без разлика на Која партија при- паѓа, ќе му гарантира дека ако отиде пред судија на РМ дека може да очекува правична постапка и правичен резултат од еден судски процес. За жал, искуството што беше во изминатите 45 години покажа една спротивна пракса. Покажа дека граѓаните на РМ пред судовите беа нерамноправни. Беа нерамноправни во зависност од тоа Кој му е пријател или братучед на некој претседател на Општински комитет на СКМ или дали се наоѓа во Претседателството на истиот тој комитет. Ова што денеска се нуди како нов Судски совет, понатаму треба да ги избере судиите во РМ, за жал ни го гарантира дека ќе го добиеме она што го имаме досега. И понатаму во РМ ќе имаме судски процеси кои ќе зависат од тоа дали судијата односно дали оној што е пред судскиот процес ќе факти некој пријател братучед или партиски колега на некој претседател на СДС, Либералната партија или ПДП, па дури и Социјалистичката парти- ја има овде еден кандидат гледам во тој судски процес или во таа судска постапка.

Едноставно, сметам дека конституирањето на судската власт во РМ е одговорност на овој парламент, а најповеќе на оние што денеска ја имаат извршната власт во РМ. Пред се претседателот на Република Македонија и коалиционата влада Која гледаме денеска управува со Република Македонија.

IV/5.-

Сега ние гледаме една политика на ѓон! Која е таа политика на ѓон? Се предлагаат луѓе кои ќе бидат претставници само на нивните коалициони партнери, воопшто не се сметаат нивните вистински способности или нивното минато. Сметам дека исклучително важно е минатото на еден судија, затоа што ако во САД може да биде важно минатото на еден судија, зошто во Македонија да не може да биде минатото важно за еден судија. Токму во тој контекст можам да кажам дека со изгласувањето на овој Судски совет, а потоа и со изгласувањето на Законот за судство во РМ, на граѓаните на РМ можеме да им гарантираме само едно - дека РМ далеку ќе биде од граѓанска држава за Која ние сите зборуваме, а граѓанската држава токму на овој закон и токму на донесувањето и конституирањето на судската власт можеби и најдобро да ја видиме како функционира, можеме да му гарантираме дека во РМ ќе продолжат понатаму слични постапки, слични судски процеси како што досега ги имаме во РМ.

Каква е вербата на граѓаните на РМ во денешното судство, не треба многу да се зборува за тоа. Доволно е да се направи најобична анкета и ќе видиме каква е таа висина на доверба на граѓаните во судството на РМ. Ако во една западна држава веќе ги спомнав САД, Франција Германија, таа доверба на обичниот граѓанин во судството на нејзината држава се граничи некаде со 80-90%, јас ви гарантирам дека секоја нај- обична минимална анкета на граѓаните во РМ, ќе покаже дека таа доверба на граѓанинот во судството на РМ можеби е 20-30%. Само тоа доволно зборува колку ние бегаме од вистинската демократизација на РМ и колку повторно се обидуваме да го јавнеме судството во РМ, за да можеме на крајот повторно како членови на Влада, како претседатели на некои комитети по општинските организации да правиме, она што го правевме досега и во текот на 45 години.

Зошто го зборувам сето ова? Го зборувам затоа што практиката токму во овие изминати три години, доволно јасно зборува дека судските органи, посебно во малите градови каде што сеуште постои феудализам во РМ, тоа е карактеристично посебно во Источна Македонија, до ден денеска претседателите на судовите и судиите одат дневно на консултација кај претседателот на Општинскиот комитет на Сојузот на комунистите или денешниот СДС или на некои други партии кои се таму на власт. Тоа е праксата и ден денеска. Сето тоа ни гарантира дека ние она за што се залагаме и она за што постојано зборуваме за граѓанска дражва во РМ ќе бидеме далеку од воспоставувањето на таквата држава, напротив ќе направиме уште еден тоталитаризам. Кој е тој тоталитаризам? Тоталитаризмот во Кој сите три институции на Власта ќе бидат концентрирани во едни раце. Имаме парламентарна власт Која е концентрирана во рацете на коалицијата, имаме извршна власт концентрирана во рацете на Владата и ја имаме конечно третата судска власт, Која што треба да биде независна власт, меѓутоа, Која ја имаме повторно како партиска власт. За жал ваквата политика, гледаме дека не само што не е некако предизвик за владината коалиција. Гледаме дека владината коалиција не најде доволно слух со сите оние реакции што доаѓаат од самото судство во тоа време, не најде слух да разговара со партиите на опозицијата кок беа исто така во тоа време, вон парламентарните партии, и навистина да се покаже дека ние во РМ преку овој Парламент, преку Владата на РМ, сите пред нас имаме еден голем предизвик. Тоа е да направиме независно судство во РМ. Овој Судски совет и потоа Законот за судовите што треба <да уследи, напротив гарантира само спротивна политика, а тоа ќе биде една тотална контрола и на судството во РМ.

Конечно што е таа гаранција за Која зборувам? Јавна тајна е дека во минатиот месец-два можеби три месеци наназад се водеше една голема полемика меѓу претставниците на парламентарната коалиција, кои ќе бидат тие претставници во судскиот совет. И секој од нив се бореше колку повеќе судии да бидат нивни членови во таа кандидациона листа за судскиот совет. Јавна тајна е дека секој од овие судии денеска што се предложени за членови на судскиот совет се претставници, членови ~или симпатизери на одредени партии кои ги поддржуваат или стојат зад тие партии. Тоа секој го зборува. Во куоларите на Собранието се зборува сите новинари што се заинтересирани, тоа го знаат и сега кого ние треба да лажеме пред македонската јавност дека не правиме партиски судски совет или правиме некаков независен судски совет.

Токму во тој контекст можам слободно да кажам дека ќе ни се повтори истото она што ни се повтори со низа такви институции што досега ги добивме во РМ. Добивме една агенција за приватизација. Каква е Агенцијата за приватизација? Партиска структура, партиски состав и сите членови на таа Агенција за приватизација се членови на одредени партии. Сите други институции што се прават во РМ и што треба да претставуваат некакво независно, институции кои што треба да бранат некакви принципи во РМ се прават по истиот клуч. Тоа го гледаме денеска и од оваа партиска листа Која што за жал, повторно ќе повторам ќе направиме една катастрофална грешка во РМ, навистина ќе направиме една грешка Која што потоа тешко ќе можеме да ја поправиме, затоа што знаеме дека судиите подоцна ќе се бираат со доживотен мандат односно до нивното пензионирање.

Зборувајќи за самиот состав јас ќе се обидам да прочитам и на некој начин да го аргументирам тоа што го зборував досега и само ќе прочитам дел од биографиите што се дадени за луѓето кои денеска

треба да ги гласаме, значи тоа се биографии што се јавно објавени, што се предложени пред сите нас како членови на Македонскиот Парламент овде за да ги изгласаме судиите. Еве на пример ќе почнам по најобичен азбучен ред.

Прв на списокот доаѓа Мугбил Бејзит. Ќе прочитам само негови досегашни три функции - сојузен секретар односно министер за правосудство и општа управа, значи министер во Владата на Југославија во периодот 1971-1974, потоа член на Сојузниот Извршен Совет, значи пак на Владата на бивша Југославија во периодот 1974-1979, и конечно делегат во. Сојузниот Собор на Собранието на СФРЈ, во периодот 1978-1982 година.

Господинот Љупчо Арнаудовски, оперативен работник во Секретаријатот за внатрешни работи во периодот 1962-1966 година, во периодот кога во Македонија се правени масовни ликвидации, масовни чистки, масовни затворања, г-динот Љупчо Арнаудовски бил оперативен работник во Министерството за внатрешни работи. Понатаму, најверојатно заради неговите докажани методи во тоа Министерство за внатрешни работи во периодот 1969-1970 година станува министер за внатрешни работи на РМ, повторно еден период што се карактеризира со една крај! тортура и крајно малтретирање на граѓаните кои се определени за демократија или за самостојна или независна Македонија.

Потоа г-динот Тихомир Велковски, кариерата ја почнува како претседател на Општинскиот комитет на СК на Карпош, член на Статутарната Комисија на последниот Конгрес на СКЈ како претседател на Врховниот суд на Македонија, поставен директно од ЦК на СКМ преку неговото координационо тело и конечно човек Кој се поврзува со ослободувањето на синот на пратеникот Алил Џаферовски, осуден за продавање на дрога во РМ.

И конечно ќе спомнам еве уште едно име, г-динот Осман Кадриу за Кој да коментирам ништо друго освен само дека до неговата биографија е назначена неговата сегашна функција, а тоа е стручен соработник во Општинскиот суд во Кичево. Има ли поголема девалвација за македонското судство, за сите македонски судии во РМ член на еден таков совет да станува човек Кој е сега обичен стручен соработник на Општинско собрание во Кичево.

За жал самиот овој список зборува за две работи и тоа:

Прво, во овој судски совет ќе имаме повторно класична пар тиска поделба во Која се знае кои судии ќе бидат припадници на Либералната партија, кои судии ќе бидат припадници на ПДП, кои судии ќе бидат припадници на СДС, а најверојатно ако се избори на денешната седница ќе има еден претставник во судството и Социјалистичка партија Милош Симоновски. Тоа е едната гаранција.

Втората гаранција односно, втората работа што можеме да ја видиме од овој состав на судскиот совет, е токму тоа дека сите судии за кои се определи коалиционата влада се луѓе кои се претставници кои биле длабоко вмешани во канџите на она што се нарекуваше југословенски систем. Луѓе кои управуваа со таа Југославија, луѓе кои биле министри на таа Југославија, луѓе кои биле клучни министри за полиција и она што се нарекува една вистинска државна структура, партиска државна структура на Бивша Југославија.

И на крајот повторно го поставувам прашањето, во САД е чест и гордост да биде судија. А да бидеш член на Уставниот или на Врховниот суд на САД, претставува работа за Која целата американска јавност расправа со месеци. Ние денеска во Македонскиот Парламент воопшто

не го поставуваме прашањето, сакаме ли ние независно судство во РМ. Напротив оваа листа што ја имаме само ни нуди дека после таа листа ќе имаме повторно партиски судии во РМ, повторно ќе имаме партиско судство во РМ и повторно ќе бидеме далеку од она за што сите ние зборуваме, а тоа е граѓанската држава во нашата Македонија. Под таа граѓанска држава, под едно такво судство заеднички ќе страдаат обичните Македонци, обичните Албанци, обичните Турци, обичните Срби и обичните Власи, се додека не зборуваме во РМ дека секој граѓанин на РМ кога ќе оди на судски процес ќе се чувствува безбеден и сигурен во таа судска постапка, ние никогаш во РМ нема да имаме граѓанска држава. А ова што денеска ќе го изгласаат партнерите на коалиционата Влада гарантира само едно дека конечно ќе удриме нож во грбот на граѓанската држава во РМ.

V/1.- СС-ВБ

**ТОДОР ПЕТРОВ**

Сметам дека станува збор за едно доста сериозно прашање, имајќи предвид дека не избираме анкетна Комисија на Собранието на Република Македонија туку највисока институција во правосудната судска власт за да не ни биде важно дали таа ќе работи и како ќе работи, односно не избираме било какво обично работно тело на Собранието. Некој ќе каже ако Парламентот е ваков каков што имавме можност да го гледаме во овој изминат мандатен период, а тој ќе ги избира судиите, па и највисоката институција - Републичкиот судски совет што треба да ги предложи кандидатите за судовите во редовните судови во Македонија, прашање е какво ќе ни биде судството?

Сепак ќе го искористам моето пратеничко право да ги искажам моите начелни забелешки по предложената одлука за составот на судскиот совет на Македонија:

1.Имајќи го предвид предложениот состав, лично не можев да очекувам правилна кадровска политика при изборот и предлагањето ан судиите во судската власт, пред се бидејќи не се работи за почесна функција, туку напротив за една многу одговорна функција, на чиј предлог овој Парламент треба да ја заокружи судската власт со генералниот избор на потребен број судии во судовите на Македонија Тоа се судии кои треба да го гарантираат независноста на судството наспроти досегашната практика, имајќи предвид дека општинските комитети, Централниот комитет на поранешниот СК од своите редови или од редовите на политичарите кои воопшто немаа никаква врска со работата на правосудните органи се избираат за претседатели ан судовите.

2. Ако се има предвид дека судиите треба да бидат избрани по некои критериуми што треба да ги задоволуваат, пред се критериумите на судскиот кодекс, воопшто мене лично не ми е јасно врз кои критериуми е предложен составот на овој совет во предлог - одлуката

доставена за изјаснување, знаејќи ги неговите надлежности утврдени со Законот за републичкиот судски совет.

3. Се поставува прашањето зошто нема ниту еден активен судија во предложениот состав на Републичкиот судски совет, активен судски стручњак пред се Кој ја познава судската практика затоа што Републичкиот судски совет не е политички суд.

Ако предлозите се договор на политичките партии од коалицијата или владиното мнозинство, се плашам дека покрај Уставниот суд Кој дефакто претставува еден вид политички суд, наместо независна судска власт ќе обезбедиме институција што ќе го предлага изборот на судиите, а ќе претставува политичка институција. Тоа е прво.

Второ, ако Републичкиот судски совет одлучува за дисциплинската одговорност на судиите, не може тоа да го прават лица кои не биле активни судии и не ја познаваат судската практика.

4. Законот за судовите не е донесен, па се поставува прашањето Која ќе биде смислата на избраниот состав на Републичкиот судски совет. Прашање е дури и како ќе се донесе тој закон за судовите ако нема никаков дијалог на релацијата режим - опозиција, како што тоа се стори со предлог - одлукава што е предлог на претрес и изјаснување во овој Парламент .

Гласно би размислувал би го кажал своето мислење, зарем се очекува во овој совет Владината коалиција да изнуди 80 гласови "за", а ги има 75 кои едвај се собираат преку 40 на седница за да се донесе Законот за судовите а потоа, само со 40 гласови да може да се избере потребниот број или потребниот број судии во редовните судови. И, тоа би претставувало некаква независна судска власт или независни судии, што за мене претставува чиста демагогија ако се знае дека се избираат до крајот на нивниот работен стаж.

V/3.-

Ако се знае дека претседаваат со изборните органи, комисиите и одборите, па секој гради основа и за наредните парламентарни избори.

Вака, држејќи го отворено прашањето за избор на судии независно од осипувањето на нивниот број и нарушувањето на квалитетот на извршувањето ан судската власт се остава простор, изгледа, за наредните парламентарни избори каде што секој од политичките партии претендира на определено просто или поголемо мнозинство за да може да го држи контролниот пакет на гласови во Парламентот.

5. Ако важи правилото пензионирање за судиите, не прифаќам во судскиот совет да се избираат лица за кои не важи таа законска обврска, а во составот што е предложен имаме и такви, не навлегувајќи во нивната професионалност и стручност.

6. Мора во предлог - составот да има членови од активни - судии во окружните судови во Република Македонија, а во предлогот таквите ги нема.

7. Во критериумите треба да доминира професионалноста стручноста, личната одговорност и моралот на кандидатот Кој се предлага и како последно,

б. Потписник сум на еден предлог за изменување на составот, сметајќи дека придонесувам за она што претходно го кажав.

Затоа предлагам Одлуката да се прифати што е предложен само како предлог за донесување на одлука или пак да се симне од дневен ред за да бидат задоволени сите претходно кажани забелешки.

На предлог - одлуката дадена е една измена, не знам дали ќе трае расправата или ќе биде завршена само како општ претрес или ќе биде поединечно по предложените амандмани, меѓутоа би кажал дека врз основа на претходно искажани мои забелешки стојам зад предлогот потпишан од група од 4-5 пратеници за изменување на Одлуката, каде

V/4.-

што е предложена за член на судскиот совет госпоѓа Василка Паскалиева, судија во Окружниот суд -Скопје, Која не е самоиницијативно предложена од потписниците на овој предлог за изменување на Одлуката, туку е предложена и од страна на Адвокатската комора на Македонија. Воедно, се цени и за почитуван судија и од своите колеги и пошироката јавност

Имајќи ги предвид критериумите за избор на активен судија во составот на Републичкиот судски совет само би ги кажал нејзините карактеристики:

Завршила правен факултет во Скопје во 1959 година, правосуден испит положила во 1965 година во Скопје, до сега се наоѓала на следниве работни места и должности: од 1959 до 1961 година приправник во Општинскиот суд -Скопје, од 1961 до 1963 приправник а потоа стручен соработник во Окружниот суд во Скопје, од 1963 до 1965 година стручен соработник во Врховниот суд во Македонија, од 1965 до 1971 година судија во Општинскиот суд Скопје I, а од 1971 година, на Која функција се наоѓа и денеска е на местото судија во Окружниот суд Скопје. До сега неколку пати била предлагана за судија во Врховниот суд на Македонија врз основа на предлози и од самиот Врховен суд на Македонија и од Правобранителството на Македонија, а во својот досегашен животен период извршувала повеќе општествени функции во различни органи.

Благодарам на вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во однос на предлог – листата што е доставена и по Која расправаме по оваа точка, сакам да го искажам следниов став, дека Комисијата за избори и именувања, покрај сите бисери од нејзината

досегашна работа, со овој предлог се надмина сама себеси, се разбира во асистенција на претседателот на Републиката, во неговата надлежност.

Сметам дека беа изнесени доволно аргументи што одат во прилог на формулација на еден предлог да се симне денеска од дневен ред оваа точка а притоа особено ги поддржувам сите укажувања што одеа на линија на забелешка на старосната граница на кандидатите на фактот дека окружните судови не се застапени, а особено во принцип на редоследот на конституирање на судската власт, во случајов што ова прашање сметам дека не може да претходи на донесувањето на Законот за судовите.

Сметам дека доколку денеска направиме грешка и се прифати предлогот ќе дојде до општа девалвација на судската власт до разочарување и демотивирање на сите кои се вклучени во било Кој сегмент на таа власт, до компромитација на Македонија како држава бидејќи не може а да не се сопрат некои одрази од она што се случува во врска со ова прашање и во однос на позицијата на Македонија како држава што претендира да биде демократска држава, бидејќи се фрлаат сериозни сомневања дека во наредниот период би произлегле сериозни тешкотии со демократскиот развој на државата.

На крајот сакам да укажам на следното дека апсолутно во прилог ан несериозноста на овој предлог оди и едно од образложенијата дека доволна вредност е доколку некој е претседател на Комисијата за именување, дека самото по себе тоа дава право некому да верува дека може да биде и член на едно такво високо тело во судската власт.

Исто така, уште еднаш да потенцирам за опасностите во однос на политизација на судската власт. Сметам дека не може да стане збор за независно судство доколку политичките партии инсистираат во составот

на ова тело да влезат нивни членови, а што евидентно се потврдува од жестината со Која што политичките партии ја бранат листата.

Доколку не се симне од расправа оваа точка, тоа ќе значи практично уривање на граѓанскиот систем во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господин Тошев.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувано претседателстов, почитувани пратеници, јас нема ништо ново да кажам. Тука падна едно мислење со одредени суперлативи за господинот Милош Симоновски, ново нема да кажам ништо само ќе го пренесам мислењето на Стопанскиот суд на Македонија.

Досегашната работа на овој кандидат како судија и во два мандати од по четири години како претседател на Окружниот стопански суд во Скопје е следена од судскиот колегиум непосредно преку лични контакти и преку вршење прегледи на работењето до година во година во овој суд. Неговата работа е проценувана и по повод неговиот реизбор за претседател на истиот суд.

Пред четири години по повод дадената иницијатива на тогашниот секретар за правосудство и управа за неговото нереизбирање и тогашниот судски колегиум не даде преодна оценка за неговата работ и неговите организациони способности. Тој став се зацврсти во текот на изминатиов четиригодишен период, заради што едногласно е заклучено дека овој кандидат не ги задоволува критериумите за вршител на функцијата претседател на Стопанскиот суд на Македонија. Односно, направените пропусти во текот на вршењето на функција претседател на Окружниот стопански суд во Скопје не дава никаква гаранција дека со успех ќе ја извршува функцијата за Која што се пријавил, од следниве причини:

V/7.-

Овој кандидат како единка не е врвен познавач на стопанското право ниту пак работи ан своето дооформување на тој план. Од друга страна, во својот колектив е познат по тоа што е дистанциран од судскиот колегиум, не создаде услови за потребно комуницирање со истиот, што доведе до тоа успехот или неуспехот на судот да биде последица на личниот однос на секој судија одделно.

Евидентно е и тоа дека не ги прифаќал сугестиите во врска со организацијата на работењето во Службата на ажурирање, подобрување на квалитетот на работењето, стручното усовршување на кадрите и сл., давани од страна на Стопанскиот суд на Македонија при вршење на прегледите на работењето на овој суд и согледувањата во текот на годината искажани преку одржаните состаноци, директните контакти на и во на претседатели и констатациите до извештаите за извршен преглед, што може да се провери преку увид во овие извештаи што се испраќани редовно и до Министерството за правосудство и управа Покрај објективните услови, искажаното за овој кандидат погоре при- донесе за големи застои во работењето на Одделението за регистрација за што нема оправдување,. лошата состојба во Одделението за стечај и Одделението за ликвидација. Неефикасност по стопанските спорови, потполна и со години запоставеност на управно - сметководните спорови, отсуство на координација во работењето на одделенијата во судот меѓусебно.

Искажаните бројчани показатели за работењето на Окружниот стопански суд во Скопје не се резултат на залагањата на претседателот на Судот туку пред се на структурата на предметите заради беспарицата во стопанството како и соодветниот однос кон работата на повеќе судови во овој суд.

Според тоа, сметам на овој господин не му е местото во Судскиот совет.

V/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор побара господинот Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Јас мислам дека ние не поминавме на точката да дискутираме за секој судија посебно, меѓутоа изненадува една работа што ние не можеме да се откачиме од еден страшен период кога не Кој не се сака да се избере, тогаш се прават вакви говорници, се измислуваат паушални работи и тогаш се настапува или преку средствата за информираше или пак на овакви кворуми поединци подготвуваат вакви говори и овде етиќетирање, измислување, интриги, паушални оценки.

Јас мислам дека граѓанското општество тоа не го прифаќа. Тоа се надминати веќе методи и средства и ние полека треба да се откажеме од една таква работа.

Извештаите на судовите во овој Парламент ги гледавме и токму на тој суд беше најевидентно кога беше искажана една голема успешност на работењето на тој суд. А, судот не може да работи ако не работи тој што го води тој суд. Во тој суд се разгледуваат преку 200 илјади предмети. Стотици илјади се и незадоволни затоа што некој ќе изгуби во тој предмет.

Според тоа, да ги напуштиме овие методи на пресметка, на етикетирање, на измислување, на читање туѓи извештаи итн., на изнесување невистини. Тоа не е долично на една демократска земја, на еден парламентарен систем и ќе мораме во тој поглед, еве ние сме тука три години, дали се сеќавате дека јас сум кажал за некој човек изнел нешто лошо, да сум го нападнал или да сум му ставил некоја етикета. Тоа не е својствено за културен народ.

Јас го ценам пратеникот Тошев, таа улога што си ја зеде да го прочита ова, не е добра.

V/9.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Збор бара господин Котевски.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почнувани дами и господа, сакам да бидам тесен на грлото, широк на мислата.

Со оглед на тоа што беше кажано овде на оваа говорница од повеќе дискутанти мислам дека одредени работи, 90% во поглед на опозицијата, држат од ова што беше изнесено. А, она од страна на позицијата, нормално го респектирам, бидејќи тие тргаат од една друга своја позиција, кога се наоѓаат во сите институции на државата нормално се ќе креираат и кадровската политика ќе ја водат така како што сметаат тие.

Меѓутоа, во овој даден момент ние треба длабоко да се замислиме за оваа проблематика што се јавува кај нас во Република Македонија.

Имено, при формирањето на судската власт, ние како и порано што често пати овде дискутиравме, треба да имаме еден политички консензус.

IV/1 СЈ/ПН

**ЃОРЃИ КОТЕСКИ**: (продолжение)

За да ги избегнеме оние стапици кои и понатаму во нашиот систем ќе ни бидат секогаш пред нас, во кои ќе се фаќаме како политички партии. Зошто тоа го зборувам? Тоа го зборувам со една цел, бидејќи Која политичка партија или коалиција ќе дојде на власт во сето наредно структурирање на таа власт тие ќе се инкорпорираат и ќе можат директно да учествуваат во креирањето на кадровската политика и по било Која друга основа. Со еден збор, тие институции кои треба да бидат независни ќе бидат вплеткани политичките партии, нема да создадеме механизам, одбранбен механизам за да не можат политичките партии постојано да се вплеткуваат таму, во институциите кои што треба да бидат целосно независни и каде што граѓанската држава треба да функционира беспрекорно и во прав смисол на зборот.

Од тука јас скоро овде искажам и една мисла, ист е и случајот Кој станува со Службата за внатрешни работи, во овој случај станува збор и за судството во РМ. Не можеме ние само постојано од политички аспект, од политичка идеологија или политичка припадност на одредени личности на политичките партии да сугерирам такви луѓе и личности Кој ќе бидат продолжена рака за креирање на сопствената политика. Тоа да, но тоа треба да биде само во одредени сегменти, во економските програми и други програми на политичките партии, но не и во институциите на државата каде што таа држава треба да биде синоним на слободна, граѓанска држава, каде што можат сите граѓани да се чувствуваат подеднакво рамноправни. Ние со ваквите нешта што правиме? Овде еден пратеник истакна дека по 3 критериуми се бирани овие лица. Малку биле застапени Албанците, од политичките партии исто така биле кандидирани овие личности за Републичкиот судски совет. Ние во овој случај, како што е вака поставена работата, за мене

ова не е само Републички судски совет, туку е само баласт на минатото и фактички ќе преставува само една Комисија, кадровска Комисија, за избор на судии. Тоа на Кој начин и врз Кој принцип ќе се прави, по стариот принцип, телефонот ќе се крене и на одредени личности од Републичкиот судски совет или од оваа Комисија за избор на судии ќе им се сугерира Кој луѓе да бидат избрани. Таа е стапицата на Која нема да го положиме испитот, во Која ќе се фатиме. Ние постојано одиме на некој начин со сила, на некој начин одиме со некакви предрасуди да правиме таква кадровска политика, Која нема да одговара во Република Македонија. Не правиме таква кадровска политика Која ќе ги смали тензиите помеѓу луѓето и политичките партии и Која нема да прави антагонизам, напротив, вакви кадровски потези, ние го зголемуваме антагонизмот во РМ не само меѓу политичките партии, туку и внатре во самите институции во системот и држава и во подсистемите на државата каде што тие луѓе работат и делуваат затоа што ние во самата држава имаме квалитетни луѓе од сите области, но начин и можност треба овој Парламент да најде како да дојде до израз најквалитетните луѓе, најчесните луѓе, најспособните за да можат во духот и во името на граѓаните да ја обавуваат таа функција, а не само политичка припадност и не само од позиција на сила и не само од позиција на одредена хиерархија во РМ воспоставена сега таква како што е поставена, а таа е поставена и од претходниот систем, многу не се менува, евидентно не се менува. Ваквиот принцип е многу лош за мене, јас не знам зошто Министерството за правосудство применува кон вакви методи кога можат да се изнајдат нови механизми за поинаков начин, редослед и критериуми за бирање на овие луѓе во Републичкиот судски совет.

Инаку, во крајна инстанца овој Републички совет, како што го нареков Комисија за избор на судии ќе биде само продолжена рака на политичките партии кои се нас власт во државата. И кога наредната

власт ќе се промени или наредните избори ќе се промени таа структура повторно ќе имаме освета, ќе се променуваат едните за да дојдат на истата позиција другите, а не со едно квалитетно поместување на нештата каде што по природен ред или со воспоставен механизам овде низ Парламентот и низ институциите на државата ќе дојдат до израз најквалитетните, најчесните луѓе каде што сите ќе се чувствуваме безбедни, сите ќе се чувствуваме еднакви, а не заради тоа заради тоа што припаѓам на една политичка партија, тој мене ќе ме заштитува, а другиот ќе го напаѓа и т.н. Тоа е страшна работа што нас ни се случува и јас тврдо сум убеден дека овој јаз во РМ продолжува со несмалена жестина и нема да води кон излез од оваа криза затоа што вештачки сакаме да ги правиме работите.

И, дури оваа застапеност, ако сакате, со некаква си малцинска припадност и не знам етничка припадност, овде има М. Бејзит и Осман Кадриу. И тоа вештачки ако го правиме ќе видиме дека повторно сме во една голема грешка. Ние изгледа на минатото не сакаме да се учиме. Ние порано имавме братство - единство, во поранешната Југославија. Тоа сега го пресадивме во Македонија, сожителство, верувајте нема ни сожителство, нема ни братство - единство, ако сите квалитетни луѓе не дојдат на правата позиција каде што можат најквалитетно да одлучуваат каде што можат најквалитетно да повлекуваат потези. Инаку, само со ваквите потези ќе го зголемуваме само тој јаз за кого претходно зборував.

Ви благодарам.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, јас станав да кажам неколку збора како начелно мое сфаќање и разбирање за оваа

точка, формирање на судски совет, законодавната, судската и извршната во РМ и овие дискусии кои ги слушам овде, Кој што наведуваат на некои работи кои што многу малку, малку еден добар демократ би ги употребиле тие дискусии. Опростете на зборот, меѓутоа, дали како РМ, како држава треба да сочекаме еден извесен период од 5-6 години, 10-15-20, овие луѓе што сега се судии, магистри по правни науки, доктори по правни науки да си отидат во пензија или сигурно е дека сите ќе отидеме во зависност од денот Кој како и кога и новите што ќе се родат или овие што ќе дипломираат годинава или што тие ќе дипломираат по 2 години, зошто и овие што годинава ќе дипломираат и тие имаат пак врска со стариот систем така; да го наречам дека тие само можат да бидат добри демократи, дека само тие можат да бидат исправни во своите погледи на за едно граѓанско општество и дека само тие нема да припаѓаат на ни една партија. Мислам дека човекот, сопствениот негов збор, има еден голем француски писател Кој напишал многу дела помеѓу кои и"40-те витези""Гроф Кајото", "Кралица Марго" итн. Ни еден овде кај нас не е "Гроф Кајото" па да ја чита душата на човекот, и да знае овој чини и овој не чини. Од кај господа некој од вас знае колку вреди г-динот Мугбил Бељат. Како така се однесуваме. Изгледа слабо го познаваме човекот, или г-динот Тихомир, или предлогот што го даде Социјалистичката партија, мислам дека ние немаме право така да расудуваме, немаме право да кажеме во Кој временски период Кој што бил, и дали пљачкал или ги затворал тие што пљачкале, дали убивал некого или што знам што правел итн. итн. Немаме право ние денеска вака да разговараме заради тоа што еден најголем дел од нашето граѓанство помина токму низ тој временски период и ние тука што сме, што сме се родиле во тој временски период и тогаш живеевме и се уште живееме на некој начин. Традицијата и тоа што го имаме во потсвеста, тоа е тоа. По се изгледа

да не сакаме да основаме судски совет, да не го донесуваме Законот за судовите и да сочекаме нови избори, Кој ќе победи, па ќе си предложи нов судски совет и своја судска власт.

Дали тоа им треба на граѓаните на РМ. Добро што овде слушаме дискусија дека секој граѓанин без разлика на вероиспвеста и вероисповеста и пооловата припадност треба граѓанската држава да ја осети како своја и да биде сигурен, да добие сигурност во се па и во судската власт. Тоа значи дека нешто се менува во нашите односи тука, многу малку до сега се зборуваше барем од една страна да речам и добро така да се мисли. Јас мислам дека г-динот Луловски многу убаво се изјасни за одредени состојби во врска со партиската припадност итн. и мислам дека треба да се прифати она што овде нашата Комисија го предлага со одредени мали измени, јас го прифаќам и амандманот заради тоа што не заради тој е член на Социјалистичката партија туку лично го знам човекот.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Текстот на предлогот на одлуката.

Согласно член 104 став 2, од Уставот на РМ, Собранието ги избира членовите на Републичкиот судски совет. Според тоа, не бира судски совет туку членови на судскиот совет, поединечно.

Ве известувам дека пратениците Абдурахман Алити, Бранко Арсовски, Љубисав Иванов, Киро Поповски, Панчо Минов, Љубомир

Поповски, Мухамед Халили, Џеладин Мурати, Божо Рајчевски, Никола Стојановски, Јован Николов, Душко Арсовски, Насер Зибери и Исмет Рамадани поднесоа предлог наместо Никола Крстески за член на Републичкиот судски совет да биде избран Милош Симонов.

Тој предлог ви е доставен.

Молам претставникот на Комисијата да го изнесе ставот на Комисијата.

Кој е претставник на Комисијата по ова прашање?

Никола Крстевски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Комисијата за прашања на избори и именувања ја има окончано постапката и има доставено предлог - одлука. Цитираниот амандман од претседателот на Собранието е со содржина ист и со текст, беше тој разгледуван, мислам со таа содржина го имавме ние разгледувано еднаш беше утврден како можен кандидат 7-ми по ред Милош Симонов, претседател на Окружен стопански суд, имаше исто така амандман со иста содржина како сега цитираната, се измени таа одлука и се стави Никола Крстевски како можен член. Сметам дека овој амандман е со иста содржина и е беспредметен со поднесувањето.

Друго, е во спротивност со постапката за избор и именување и тоа од досегашното работење на Комисијата паралелен предлог на Комисијата не може да се дава бидејќи во тој случај е ускратено и на претседателот да му се дава амандман за неговите односно предложени од него кандидати.

Со тоа сметам дека постапката е окончана. Комисијата го има предложено со потребно образложение и предлог, понатаму е постапката Собранието бидејќи конечно одлучува, а овој амандман може да послужи за лично изјаснување односно произнесување по одредени кандидати. По однос на квалитетите, индивидуалноста, затоа е и

подемократски поединечното гласање и сметам дека треба да се дополни постапката и понатаму пред Собранието, а не да се враќа наназад, бидејќи таа иста содржина, иста форма, ќе бидеме несериозни, а ја одолговлечуваме постапката Која требаше судскиот совет да биде конституиран 2 месеци по донесувањето на законот, а има преку година доцнење

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, Кој друг бара збор?

Бидејќи друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Молам да утврдиме точен број на присутни пратеници бидејќи веќе ќе се гласа и да не утврдуваме потоа накнадно.

Добро, има кворум можеме да минеме на гласање.

Предлогот Василие Ристовски да биде избран за член на Републичкиот судски совет го ставам на гласање.

Молам, Кој е за молам да крене рака? (46)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува>од гласање? (10)

Констатирам дека Василе Ристовски е избран за член на Републичкиот судски совет.

Предлогот Мугбил Бејзат да биде избран за член на Републичкиот судски совет го ставам на гласање.

Молам, Кој е "за" молам да крене рака. (45)

Дали има некој против? (14)

Дали некој се воздржува од гласање? (6)

Констатирам дека Мугбил Бејзат е избран за член на Републичкиот судски совет.

Предлогот Вера Терзиеват-Тројачанец да биде избрана за член на Републичкиот судски совет го ставам на гласање.

Кој е "за" молам да крене рака? (47)

Дали има некој против? (6)

Дали некој се воздржува од гласање? (13)

Констатирам дека Вера Терзиева-Тројачанец е избрана за член на Републичкиот судски совет-

Предлогот Тихомир Велковски да биде избран за член на Републичкиот судски совет го ставам на гласање.

Кој е "за" молам да крене рака. (51)

Дали има некој против? (5)

Дали некој се воздржува од гласање. (13)

Констатирам дека Тихомир Велковски е избран за член на Републичкиот судски совет.

Предлогот Осман Кадриу да биде избран за член на Републичкиот судски совет, го ставам на гласање.

Кој е "за" молам да крене рака. (55)

Дали е некој против? (13)

Дали некој се воздржува од гласање? (5)

Констатирам дека Осман Кадриу е избран за член на Републичкиот судски совет.

Предлогот Љупчо Арнаудовски_да биде избран за член на Републичкиот судски совет го ставам на гласање.

Кој е "за" молам да крене рака? (54)

Дали има некој против? (13)

Дали некој се воздржува од гласање? ( 9)

Констатирам дека Љупчо Арнаудовски е избран за член на Републичкиот судски совет.

Предлогот Никола Крстевски да биде избран за член на Републичкиот судски совет го ставам на гласање.

Кој е "за" молам да крене рака? (47)

Дали е некој против? (11)

Дали некој се воздржува од гласање? (9)

Констатирам дека Никола Крстевски е избран за член на Републичкиот судски совет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално прашање сака да постави господинот Љубисав Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Требаше претседателот да ми даде збор пред да се гласа. Ние имавме амандман, прво се гласа по амандманот, после се гласа по предлогот. Требаше амандманот да се стави на гласање. Сметам де е направена крупна грешка, и недозволена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, амандманот се става на гласање ако е овде целосен акт и ако треба да стане составен дел на актот. Овде имаме поединечни предлози. Амандманот е дојден после поединечниот предлог од Комисијата што дојде и ако не изберевме, Крстевски ако не беше избран, ќе го дадев на гласање предлогот од пратениците. Нема друг по праведна постапка. Друга работа е, комплетен состав на Републичкиот судски совет да бираме, тогаш наместо еден во предлогот да влезе друг, тогаш амандманот оди пред да оди целиот акт на изјаснување.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Не се согласувам со ова образложение. Тоа не го пишува никаде. Амандманот е поднесен на ист начин како и претходните два и тој мораше да има ист третман. Според тоа овде на Кој како му одговара, така го толкува и Деловникот и правилата и ова не е вре*

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оваа забелешка на пратеникот Љубисав Иванов ја ставам на изјаснување.

Кој е за тоа забелешката да се прифати, нека крене рака дека неправилно постапивме на овој начин што избиравте. Тоа го слушнавте.

Кој е за тоа забелешката а се уважи?

22 пратеници гласаа за.

Според тоа оваа забелешка не е прифатена.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Републичкиот судски совет.

Согласно член 10 4, став 5 од Уставот на Република Македонија функцијата член на Републички судски совет е неспојлива со вршење на други јавни функции, професии или членување во политички партии. Според тоа, на сите избрани членови на Републичкиот судски совет, со денот на изборот им престанува вршењето на јавните функции кои се неспојливи со вршењето на оваа функција и членувањето во политички партии.

На избраните членови на Републичкиот судски совет им честитам за изборот на оваа одговорна задача.

Со оглед на тоа што е потребно навремено отпочнување на одредени активности, предлагам сега да преминеме на расправа и одлучување по: "Предлогот на одлуката за формирање и состав на Одборот за одбележување на 50-годишнината од Првото заседание на АСНОМ и по Предлогот на одлуката за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија на Интерпарламентарната унија.

Во оваа смисла и Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, точките: 36, 38, 39, 53, 54, 55, 56 и 57 да ги разгледаме пред другите точки од дневниот ред.

Кој е за овие предлози, молам да крене рака.

41 пратеник гласаше за.

Дали има некој против? (Нема)

Констатирам дека предлозите се усвоени.

(Некои пратеници ја напуштаат салата).

Ги молам пратениците да останат, треба да гласаме сега.

Преминуваме на **<u>37-та точка</u>** - <u>Предлог на одлука за формирање и состав на Одборот за одбележување на 50-годишнината од Првото заседание ан АСНОМ:</u>

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

50-пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Очигледно некои не гласаа.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за формирање и состав на Одборот за одбележување на 50-годишнината од Првото заседание на АСНОМ.

Преминуваме на **<u>43-та точка</u>** - <u>Предлог на одлука за основање на Пратеничка група на Собранието на</u> Република Македонија на Интерпарламентарната унија.

Предлогот на одлуката, статутот на Интерпарламентарната унија, Извештајот на Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

49 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Пак некој не гласа.

Преминуваме на **<u>36-та точка</u>** - <u>Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Комисијата за одбележување на годишнини на значајни настани и личности.</u>

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за основање на пратеничка група на Собранието на РМ на Интерпарламентарната унија

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

46 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Ве молам, мора да се држиме до крај на Уставот. Господинот Никола Крстески го молам да ја напушти клупата и да не гласа. Јас тоа го прочитав, а тој се уште си седи и гласа.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Прво, што принудно излегувам, инаку мене евентуално ни настанува неспојливост после конституирањето на Републичкиот судски совет. Тоа не е автоматско право. Меѓутоа, ми се дава можност евентуално на довербата да се заблагодарам. Инаку, наредните точки треба да ги следам. Инаку, активно не учествувам, да не прави забуна. И најпосле има во Уставот конституирање на судскиот совет и од тој момент настанува неспојливост.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, не треба да се објаснуваме понатаму. Тој стана член, а на членовите им престануваат сите функции. Нема ништо натаму нема да се објаснуваме.

Даши има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за одбележување на годишни или на значајни настани и личности.

Преминуваме на **<u>38-та точка</u>** - <u>Предлози на одлуки за избор на членови на управни одбори, на здравствени организации и тоа: За избор на членови на Управниот одбор на Институтот по ортопедија и трауматологија - Охрид, за избор на членови на Управниот одбор на болницата за душевни болести - Демир Хисар и за избор на членови на Управниот одбор на Републичкиот завод за здравствена заштита – Скопје.</u>

Предлозите на одлуките Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за Предлозите на одлуките, молам да крене рака?

47 пратеници гласаа за:

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за избор на членови на Управни одбори на здравствените организации.

Преминуваме на **39-тата точка** - Предлог на одлука за разрешување од функција Јавен обвинител во Општинското Јавно обвинителство во Крива Паланка.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

43 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Драги Јакимовски и разрешен од функцијата Јавен обвинител во Општинското Јавно обвинителство во Крива Паланка по негово барање.

Преминуваме на **53-та точка** - Предлог на одлука за именување на лице гувернери во Народната банка на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Молам Кој бара збор?

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Во името на пратеничката група на СДС би замолил оваа точка да биде одложена од дневниот ред заради дополнителни консултации во рамките и со другите пратенички групи.

Молам, овој предлог да се уважи од страна на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, предлогот е точката да биде одложена.

Молам, Кој е за предлогот на пратеничката група на СДС, нека крене рака?

43 пратеници гласаа за.

Овој предлог не е усвоен.

Да провериме дали има доволно пратеници, односно дали има кворум.

(По пребројувањето)

Во салата се присутни 58 пратеници, немаме кворум, гласањето не важи.

Ја прекинувам седницата, дава пауза до 15,30 часот.

(Седницата прекина во 13,55 часот.).

VIII/1.-СП/МЛ

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 16,00 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Молам да се повикаат сите пратеници да влезат во салата и да си седнат на своите места.

Молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата. (Во салата се присутни 64 пратеника).

Поминавме на **53-та точка** од дневниот ред - Предлог- одлука за именување на вице гувернери на Народната банка на Република Македонија и при тоа господинот Љупчо Поповски побара да се одложи оваа точка, но сега пак бара збор, па да видиме што сака.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници предлагам мојот:-предлог да се трансформира во смисла на тоа оваа точка да биде една од последните точки на овој дневен ред на 70-та седница на Собранието. Тоа е едно.

Ја користам приликата, до колку се согласи Собранието, да дадам уште еден нов предлог, точката 33 - Именување заменик на министерот за финансии, да биде во овој пакет со овие кадровски прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Љубомир Поповски го повлече предлогот.

Одиме понатаму.

Минуваме на **точката 54** - Предлози на одлуки за разрешување и именување претставници на Републиката во органи на управување и тоа:

- за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Економскиот институт во Скопје,

- за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков"-Скопје,

- за разрешување и именување претставник на Републиката во Советот на Ветеринарниот институт "Скопје" - Скопје,

- за разрешување и именување претставници на Републиката ;ВО Советот на Филолошкиот факултет во Скопје,

- за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Природно - математичкиот факултет во Скопје,

- за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Правниот факултет во Скопје,

- за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Факултетот за музичка уметност во Скопје,

- за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Архитектонскиот факултет во Скопје,

- за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Педагошката академија "Гоце Делчев" - Штип,

- за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Факултетот за физичка култура во Скопје.

Предлозите на одлуките ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлозите на одлуките, молам да крене рака? (39 пратеника).

Констатирам дека Собранието не ги донесе одлуките за разрешување и именување претставници на Републиката во органите на управување.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Бидејќи се сомневам во исходот на гласањето, барам поединечно изјаснување.

Барам 10 пратеника да ме поддржат. (Има 10 пратеника).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го молам помошник секретарот Живко Тодоровски да го из- врши гласањето.

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:**

(Прилог список).

VIII/4.-

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | за |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | не е тука |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | за |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | против |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | против |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | против |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | за |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не сака да гласа |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | за |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | воздржан |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | за |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | против |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | воздржан |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | за |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | не е тука |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | не е тука |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | за |

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | не е тука |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | за |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | за |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | не е тука |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | воздржан |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | против |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | воздржан |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | за |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | за |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | воздржан |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | не е тука |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | не е тука |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | за |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | за |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | не е тука |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | за |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | не е тука |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | за |

VIII/6.-

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | не е тука |
| 69. СИМОН НАУМО.СКИ | не е тука |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. JОВАН НИКОЛОВ | за |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | не е тука |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | не е тука |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | воздржан |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | за |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | не е тука |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | за |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | не е тука |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | за |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | за |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | за |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | за |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | за |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | против |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | за |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | против |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | за |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСЌК | за |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | за |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | воздржан |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | не е тука |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | воздржан |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | воздржан |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | воздржан |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | за |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | не е тука |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | воздржан |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | за |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | против |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | не е тука |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | за |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | за |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | за |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласале 70 пратеници од кои 51 за, 8 против и 11 воздржани.

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за разрешување и именување претставници на Републиката во органи на управување.

Минуваме на **точката 55** - Предлог на одлука за именување членови на Посебната Комисија за изготвување Предлог за именување главен работоводен орган на Економскиот факултет во Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлог - одлуката, молам да крене рака? (45 пратеника).

Дали е некој против? (3 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (6 пратеника).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебната Комисија за изготвување Предлог за именување индивидуален работоводен орган на Економскиот факултет во Скопје.

Минуваме на **точката 56** - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски" во Скопје за именување директор.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

(47 пратеника).

Дали е некој против? (3 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (8 пратеника).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката на Советот на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски" во Скопје за именување на директор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Минуваме на **точката 57** - Предлози на одлуки за разрешување од функцијата на судии на општински судови и судии за прекршоци и заменици на јавни обвинители.

Предлозите на одлуките Ви се поделени.

Отворам претрес по Предлогот на одлуката за разрешување од функцијата за судија од Општинскиот суд Охрид.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот. Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?
64 пратеници гласаа за.
Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Никола Мујовски е разрешен од функцијата судија на Општинскиот суд во Охрид по негово барање.

Отворам претрес по Предлогот на одлуката за разрешување ох функцијата судија во' Општинскиот суд во Битола.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам предлогот)

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

IX/2.-

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака? 63 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласањето? (1)

Констатирам дека Борис Илиевски е разрешен од функцијата судија во Општинскиот суд Битола по негово барање.

Отворам претрес по Предлогот на одлуката за разрешуваше од функцијата судија на Општинскиот суд во Титов Велес.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката , молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Коста Нојков е разрешен од функцијата судија на Општинскиот суд од Титов Велес по негово барање.

Отворам претрес по Предлогот на одлуката за разрешување од функцијата судија на Општинскиот суд Охрид.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали некој е против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Ацо Баловски е разрешен од судија на Општинскиот суд во Охрид по негово барање.

Отворам претрес по Предлогот на одлуката за разрешување од функцијата судија за прекршоци во Општинскиот суд за прекршоци во Битола.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака.

59 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Александар Филипов е разрешен од функцијата судија за прекршоци во Општинскиот суд за прекршоци во Битола по негово барање.

Отворам претрес по Предлогот на одлуката за разрешување од функцијата заменик јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Скопје.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака.

61 пратеник гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Миомир Зечевиќ е разрешен од функцијата заменик јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Скопје по негово бараше.

Отворам претрес по Предлогот на одлуката за разрешување од функцијата заменик јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство Скопје.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака.

62 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање(Не)

Констатирам дека Јурај Волак е разрешен од функцијата заменик јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство во Скопје по негово барање.

Минуваме на **<u>точката еден</u>** <u>- Предлог за донесување на закон за попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во 1994 година.</u>

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратеникот Џеладин Мурати Ви се доставени, односно поделени.

IX/5.-

Пред да отворам претрес, молам , да ги повикаме пратениците на Владата.

Молам, имаме обезбедено претставници.

Отворам претрес.

Молам, Кој бара збор?

Господин Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, вообичаена практика е споредбено согледувајќи за државите членки за организацијата на Обединетите нации, пописите на населението, домаќинствата, становите, припадноста кон суверениот народ, малцинствата, стручната способност, доселувањето ој други држави, социјалниот статус, дејноста итн. да се спроведуваат во десет годишни циклуси.

Согласно тие меѓународни прописи односно норми би ги нарекол и посебно што Република Македонија ги има, Република Македонија таков попис има спроведено во текот на 1991 година. Анализирајќи ги причините на за мене закон така би го нарекол еднократна употреба однос- но за изнуден попис во 1994 година што ги наведува предлагачот на овој закон Владата на Република Македонија се создава впечаток дека извршната власт има партнер со двоен морал. Ако сите знаеме дека на повикување на политичката партија на албанското национално малцинство односно национално според Уставот на Република Македонија ПДП поголемиот дел од албанците одбија да учествуваат во пописот од 1991 година, со што сторија прекршок за неисполнување на граѓанската обврска кон државата. Тогаш тој двоен морал на политичката партија ПДП се до кажува на дело. Односно нивното учество и поддршка

на актуелната коалициона Влада за мене претставува една поддршка од лични интереси за богатење на поединци/ министри од таа партија и за постигнување на крајната цел, а тоа е велика Албанија. И во Предлогот за донесување на закон за попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во 1994 година предложен од Владата, од господин Бранко Црвенковски во членот 54 се предвидени казни за поединци кои ќе одбијат. да дадат податоци препишани со законот за попис. Прекршочни пријави, согласно законот државниот Завод, намерно кажувам државниот завод, а не Републичкиот завод за статистика има поднесено во 1992 година над 40 илјади граѓани кои оваа граѓанска обврска не ја исполниле. Судовите за прекршоци не презедоа никакви прекршоци кон овие граѓани. Затоа, кај нас, можам слободно да кажам, односно како констатација може да се каже дека судската власт е независна , туку е политизирана.

Кај мене како пратеник со добиен политички мандат од избирачите и со обврска за застапување за нивните интереси постои недоверба кон изнесените аргументи од страна на предлагачот за неопходноста од еден ваков, би рекол изнуден нередовен попис во 1994 година.

Во образложението Владата на Република Македонија наведува дека "веднаш по спроведувањето на пописот во 1991 година од страна на политичките партии на албанската националност се наведуваат податоци за бројот на албанците во Република Македонија, што многу се разликува од официјалните статистички податоци и истиот посебно се потенцира во меѓународната јавност". Ако е ова аргумент на Владата за неопходноста од нередовен попис во 1994 година, јас условно би го прифатил од следните причини.

Прво,изјавата на челници од албанските партии дека во Република Македонија живеат 800 илјади или 1 милион и 200 илјади албанци, што често пати ги слушаме, со еден ваков попис едноставно би се докажало дека тие се, кои ги даваат ваквите информации, се најголемите дезинформатори, односно лажговци.

Второ, меѓународната јавност со ваков нередовен изнуден со уцени и закани попис би добила реална слика за националниот односно етничкиот состав на населението во Република Македонија, Кој сега е предмет на шпекулации од страна на нашите непосредни соседи. Но, за мене е неприфатлив овој закон за нередовен попис од следните причини.

Прво, ќе бидеме единствена држава членка на ООН, и ако и она понижувачко име под кое сме членка Бивша Југословенска Република Македонија не прави исто така единствени што организира нередовен попис и тоа под закана на политичката партија, Која истовремено е коалиционен партнер на предлагачот на овој закон, односно партнер на Владата на Република Македонија, што создава , ќе повторам, впечаток за двоен морал на министрите од партијата ПДП и нивната лојалност кон македонската држава.

Второ, со ваков изнуден попис се поставува прашањето за почитување на суверенитетот и независноста на Република Македонија од страна на коалиционата Влада на Република Македонија и државите непосредни наши соседи, затоа што во членот 32 од Предлогот за донесување на законот за попис, во ставот 2 е предвидено: "пописот може да го следат и претставници на статистичките уреди на други земји кои својата пријава до Републичката организација надлежна за работите од областа на статистиката ќе ја достават најдоцна до 25.2.1994 год."

Трето, ако се знае дека податоците од пописот се тајни секоја држава се грижи за чуваше за сопствените тајни од аспект на безбедноста и одбраната на државата, тогаш очигледно е дека Владата на Република Македонија со оваа претходно предвидена можност за приссуство на пописот на претставници на странски државни уреди отстапува од овие општо прифатени прописи.

Четврто, ако може предлагачот да ме убеди и да ја убеди и јавноста во Република Македонија од неопходноста за донесување на закон за нередовен попис во 1994 година, кога наместо судската власт да си ја извршува својата функција по поднесените прекршочни пријави, значи, државниот завод за статистика има податоци за бројот на домаќинствата и граѓаните, затоа што оние 40 илјади поднесени прекршочни пријави се врз основа на тоа дека има податоци на граѓани што го бој- котирале пописот. Тоа е очигледно, да повторам од поднесените прекршочни пријави, тогаш тоа. е доказ број еден дека нередовниот попис е непотребен и е изнуден од странски, домашни непријатели и непочитувачи на сувереноста и на независноста на Република Македонија.

Доказ број 2, тие се спремни да ни го финансираат пописот, евтино би рекол продавање на државната сувереност.

Петто, односот на актуелната власт кон својот коалиционен партнер ПДП чии гласно говорници јавно бараат при пописот да се за- пишат сите оние што ќе се најдат на територијата на Република Македонија без наведување на државјанство и пролонгирање на пописот за јуни месец 1994 година поврзано сега пак со добивање на државјанството односно немале време, како што се изјаснија на комисиите некаде 40 или 50 илјади албанци да добијат државјанство. Прашање е дали тие ги исполнуваат условите, тоа е второ прашање.

IX/9.-

Таквиот однос на попуштање од страна на партнерите во коалиционата Влада од таканаречените леви партии односно од Социјал демократскиот сојуз на Македонија, Либералната партија и други создава впечаток дека во Република Македонија некој работи против интересите на македонската нација како некаква квислиншка актуелна власт. Зошто? Соработката со партнерот сепаратистички и македонски настроен, како што е политиката на челниците на ПДП, само да се потсетиме, бојкот на пописот во 1991 година референдумот од 8 септември 1991 година исто така, донесувањето на Уставот, прогласувањето на Илирида, создавањето на 20-илјадна паравојска само во Република Македонија, Која беше со едно име како што е се албанска, значи координирана со единствена команда за Космет, Македонија и Република Албанија. Значи, таа и таква соработка на актуелната власт со прикривање на актерите во сите овие вклучувања ја чини квишлинска и анационална.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ** (продолжение)

Владата ни нуди закон за попис како уште едно попуштање кон партнерот директен учесник во власта ПДП. Ваквиот однос на актуелната власт ја прави соучесник во однапред планираниот за- говор за распарчување на РМ и би рекол актуелната власт сее раздор меѓу Македонците, односно меѓу државјаните на РМ создавајќи услови за една утрешна граѓанска војна.

**НЕЏАТИ ЏАФЕРИ:**

Почитувани пратеници, почитувано Претседателство, да се изврши попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во една новоформирана мала не толку богата конфестирана мултинационална, мултиконфесионална оптоварена со колективни, емотивни набои како последица на минатото каде што информациите беа достапни само на дел од граѓаните што остава простор за недоверба на овие организации на системот како што беше и Заводот за статистика на Македонија Која ја изгуби довербата на Албанците во Македонија бидејќи беше и остана инструмент на поранешниот систем Која во своите архиви сигурно чува податоци за населението во Македонија и по потреба може да пласира т.е. да манипулира во плус, или минус со уверение дека податоците се точни по принципот Ве уверувам. Но , тој што не уверува никогаш не бил Албанец, бидејќи во овој Завод досега не е вработен ни еден Албанец. Причина плус за бојкотирање на пописот од страна на Албанците во 1991 година. Сомнението за бојкотот истиот Завод го потврди со изнесување на резултатите од пописот од 1991 година каде што со статистички методи се очекуваше Македонија да брои над 2.300.000 жители, но со бојкотот од страна на Албанците крајната бројка на пописот беше 1.601.806 жители на Која ако и се

додаде бројката над 700.000 претпоставката на Заводот се исполнува. Но, истиот орган со исти статистички методи најде за сходно на бројката 1.601.806 да му ја додаде бројката 423.160, па Македонија наместо над 2.300.000 сега има околу 2.000.000. Демографска бела куќа, преку ноќ исчезнаа околу 300.000 граѓани бидејќи така требало, а воедно ќе ни служи како пропаганден материјал за нашите политичари по светот да докажуваат дека во Македонија има 21,7% Албанци. Само уште една споредба 8 јануари 1991 година ден на конституирањето на повеќепартискиот Парламент на РМ, на собраниските клупи ни беше доставен материјал од Заводот за статистика на Македонија "Македонија во бројки 1979-1989, каде на пробниот попис во 1989 година во Македонија имало 2.111.000 жители и тоа: 1.067.000 мажи и 1.044.000 жени. Две години подоцна оваа практично верифицирана бројка падна на 2.033.964 од двогодишниот долг сон на населението во Македонија без никаква принова исчезнаа 87.036 жители И дојдовме во состојба целата постапка да се повтори по таа латинска изрека "репетицио ест матер студиорум". Колку ќе извлечеме поука од повторувањето останува да се види, но крајно е времето спрема живите жители на Македонија да се однесуваме коректно без нивно мешање со духови. Сум за тоа еднаш и само еднаш да се истакне една бројка Која ќе биде единствена и само единствена без никакви марифетлуци како за внатрешна, така и за надворешна примена. Што се однесува до предлог за донесување на закон за попис на населението, домаќинствата, сто- панствата и земјоделските стопанства во 1994 година со забелешките , кои ќе мораат да бидат прифатени едни од предлагачите предлогот за донесување е прифатлив со следниве забелешки. Во членот 3 временскиот интервал за спроведување на пописот мислам дека во однос на припремит за овој потфат е прерано , бидејќи најголеми проблеми на граѓаните повратници

од бившите ЈУ републики е верификација на местото на живеење во РМ , а тоа се должи на недавање на потребната документација како што се: лична карта , за да би се утврдило официјалното место на живеење, што е и услов во член 4 став 1. А за овие проблеми во шалтерите на подрачните единици на Министерството за внатрешни работи по градовите, а претежно во градовите на Западна Македонија со неефикасно работење и со некоректен однос и донесување на одлуки за реверификација на официјалното место на живеење може да биде доведено во прашање и успешноста на овој попис, ако веќе останува условот за попис да поседува граѓанинот лична карта.

Што се однесува во текстот на законот имам начелни забелешки и тоа член 6 исти проблеми се јавуваат и во овој член, повратниците кои чекаат реверификација на местото на живеење не можат да ги регистрираат своите новороденчиња, па имаме една апсурдна состојба бидејќи таткото немал лична карта, новороденчето не се регистрира во матичната служба и нормално не ги исполнува условите на член 6. Такви случаи има по Гостиварските села.

Во член 16 став 1 го регулира парцијално пописот само на оние граѓани што легално се пријавени како работници. Но, неповолните стопански прилики во Македонија принудија голем број на граѓани да работат илегално што и не ќе бидат опфатени со пописот.

Член 18 став 3 се менува и гласи: "Содржината на обрасците од став 2 на овој член ја пропишува трочлена Комисија со Која раководи функционер од Републичката организација надлежна за работите од областа на статистиката".

Член 30 став 2 се менува и гласи: "Во пописниот круг во Кој според пописот во 1991 година соодветна националност учествува со над 50% од вкупното население се именува попишувач  и претседател на

Општинската Комисија од таа националност." Што се однесува до Меѓународната експертска група најголем придонес ќе ни биде ако забелешките на оваа група бидат опфатени во нацрт - текстот на овој закон. Алтернатива на член 35 по мое не би требало да се прифати. Членот 38 Кој ја регулира потребата за веродостојноста на податоците како што се лична карта издадена од 1 април 1993 година, со кое граѓаните невозможно е да се снабдат до 1.04.1994 година. Сигурен сум дека над 1.000.000 граѓани не поседуваат ваква лична карта, а за два месеци јас чисто се сомневам дека ќе може МВР да ги задоволи барањата на граѓаните за издавање на лични карти, а плус и за издавање на изводи од матична книга на родени. Затоа сум скептик дека ќе можеме до 1.04.1994 година да започнеме со овој опфат.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници морам да нагласам дека донесувањето на овој закон веќе доцни. Денес: сме 26, а знаеме кога треба да се почне со пописот. И затоа потребно е да вложиме максимални напори и овој закон што порано да се донесе со цел да имаме време и за припремни работи, бидејќи организацијата на пописот бара доста време, ангажирање луѓе, па и финансиски средства. Во врска со ова морам да ја потенцирам и потешкотијата околу обезбедувањето на потребната документација за што зборуваше и претходниот дискутант,кои се предвидени според член 38 од овој закон. Ние секоја година издвојуваме значителни средства за модернизација на работата на МВР, меѓутоа, очигледно денеска сме дојдени до ситуација да заклучиме дека тие средства не одат таму каде што ги определуваме според Буџетот, туку одат на некое друго место. Жалосно е, а и срамно е што бројни граѓани чекаат со недели, па и месеци документација пред шалтерите и тоа шалтери кои ги нема никаде. Сметам дека такви се

примитивни шалтерите што не личат на орган на управа. Дали е тоа намерно да нема излози, да не се гледаат луѓето внатре, зошто можат тука да користат и други работи, тоа е ствар на анализа и на расправа. Мислам дека доста граѓани чекаат во многу лоши временски услови и тоа на дожд, на снег, чекаат доста време, а со тоа ни- какви услови не им се даваат, барем да седат на одредени клупи како што седат доста граѓани по други места. Исто така, доста граѓани за да ја докажат лојалноста кон оваа држава често пати биваат и претепани од страна на милицијата, зошто наводно не држат ред, а како ќе држат ред во една нервоза кога од еден часот наутро одат и земаат број за да цел ден чекаат за да се здобијат со таа потребна документација. Ако МВР не превземе итни мерки за разрешување на оваа состојба сметам дека можно е да дојде во прашање рокот определен за почнување со пописот. Не случајно се и протесните собири кои веќе почнаа по општините. Пред некој ден имавме протести во некои тетовски села, сега и во Гостивар и не знам до кога ќе трае оваа состојба. Ние како што знаеме основните забелешки на претходниот попис беа двете најкрупни. Едната забелешка беше дека имаше недоверба во Републичкиот тогашен , односно во Заводот за статистика околу прибирањето и обработката на податоците, поради тоа што во оваа институција нема вработени стручни лица од редот на Албанците. Тоа еднаш мора да ни биде јасно дека постои таква недоверба. Сега тоа е ублажено со еден член дека може повремено да учествуваат стручни лица од редот на Албанците, меѓутоа, ова не е само состојба за попис, таа е институција Која ја финансираат сите граѓани во Републиката и тука треба да бидат вработени и од редот на сите националности што живеат во Републиката. И затоа овој Завод обработува и други податоци, не е само овој проект попис, туку има и други проекти, за кои што во иднина треба да им служи на граѓаните и на

целата Република. Исто така, со овој закон има еден чекор напред, направен е напор , тоа мора да го признаеме дека тука веќе се вклучуваат и институции кои што имаат долга традиција за попис, стручни лица од Европската заедница за кои што сакале , или не, ние мора нивните забелешки и предлози да ги вклопиме во овој Нацрт-закон. Мислам дека сите укажувања на пратениците кои што расправаа по работните тела, а и овде со оглед на тоа што е прва фаза , верувам дека во наредните фази ќе се земат во предвид од страна на предлагачот и во што пократок рок да дојде Предлог-законот.

Што се однесува конкретно за одделни членови би сакал да ги издвојам само неколкуте. Не сум за алтернативата на член 35. Понатаму да не ги повторувам сите членови, со тоа што ќе кажам дека ги поддржувам предлозите што ги достави г-динот Џеладин Мурати.

На крајот предлагам предлагачот да ја има во предвид состојбата, тоа што реков на почетокот , со МВР и за таа цел бидејќи скептик сум дека во одреден рок ќе ги имаме сите потребните документи за попис, предлагам да само глава на семејство, односно татко или мајка да поседува таква документација Која што се бара според член 38 од Предлог-законот со цел да испливаме од оваа состојба.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, како што знам последниот попис се одржа во 1992 година. Тој беше бојкотиран од страна на албанската националност. Зад тој бојкот стоеја политичките партии ПДП и НДП. Изговорот беше следниот: се бараше службена употреба на јазиците на националностите при потполнување на пописните ливчиња покрај македонскиот. Тоа беше спротивно на амандманот 43 од Уставот на СРМ. Тоа значи бараа антиуставно решение. Сето тоа делувајќи сепаратистички се прикажуваа во многу европски институции и пошироко дека бројната состојба им е многу голема. Не еднаш се прикажа дека се 800 илјади. Тоа лидерот на ПДП Невзат Халили повеќе пати го кажа.

Поттикнати од нив почнаа и другите националности да се покажуваат во поголема бројка. Така Ромите се покажаа за 220 илјади, Турците 200 илјади, Грци 300 илјади, Срби 300 илјади, а сето останато да се Бугари. Македонци никаде ги нема.

Разгледувајќи ја оваа состојба на Владата на РМ и Заводот за статистика им се наметна по Женевската Конференција за поранешна Југославија при ООН да се спроведе нов вонреден, наметнат попис во РМ. Пописот е поддржан од Комитетот на министри во Советот на Европа Кој вклучи за соработка експертска група од областа на демографијата. Средствата потребни за финансирање на пописот се обезбедени преку меѓународните организации и Европската заедница за помош на РМ преку програмата ФАДЕ.

Тука пишува се обезбедуваат, но не се обезбедени, па ќе видиме понатаму. И се ќе беше добро, ако за овој попис токму во годината во спроведувањето на економско - стабилизационата програма не се јавеше масовна општествена активност нови загуби, трошоци и спроведувањето

на пописот. Исправно ќе беше да се спроведеше пописот само кај непопишаното Албанско население. Ако бројката на жители со Која манипулираат им е помала да ги сносат трошоците и тоа политичките партии ПДП и НДП. Се сомневам дали ќе стигнат предвидените финансиски средства уште недобиени од страна на Европската заедница. Сето тоа ќе биде на штета на македонската држава.

На минатиот попис непопишаните многу лесно поминаа. Против нив не се поднесе ниту една прекршочна пријава и не се спроведе ниту една казна. Пријавите биле готови, но не се активирани, а се стопирани и се знае од кого, а не од опозицијата. Така, дознавме до почетокот од формирањето на овој Парламент, постоеле тајна коалиција Која подоцна прерасна и се манифестира и станува јавна помеѓу левиот блок со, божем трансформираните лажни комунисти, а тоа се СДС со Бранко Црвенковски, божем реформираните лажни комунисти Либерална партија на чело со Анте Марковиќ, се извинувам Стојан Андов, Анте Марковиќ ги напушти....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да, вас не ве држи многу мислата, умот, па ги мешате и личностите.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

И, ортодоксните лажни комунисти, Социјалистичка партија можам да ги пофалам, затоа што нивниот лидер прв влезе во црква, а по неговите стапки почнаа и останатите и да палат огнови на коледе. Тоа е се од една страна.

И Албанското малцинство на ПДП-НДП од друга страна.

XI/3

Почучени од горното може да се дојде до нов бојкот на овој попис, ако не тие, другите партии тоа го организираат. Знаеме дека во нашата Република имаме околу 62 политички партии. Тоа може многу лесно да дојде и секоја друга држава би ни позавидела по бројот на политички партии. И сега ако некоја од другите националности го бојкотира пописот, како на пример Египќаните, кои веќе го најавија ако не им се удоволат нивните барања. Во овој случај што ќе преземе актуелната политичка власт? Ако почне да ги казнува, дали ќе биде чесно од нејзината страна. Сето ова стана само за да се сокрие бројната состојба на Албанската националност кои се преставуваат дека се многубројни, како што кажа од порано, 800 илјади. Истовремено, се прикриваат доселените Албанци од Јужна Србија, Косово и Албанија. Пас затоа сега, масовно се вклучуваат бракови на жени дојдени од Албанија и веднаш да земат државјанство за да бројната состојба им се зголеми. Затоа и претходните пратеници ронеа солзи за тоа да не се шетаат пред шалтерите, што поголем број дојденци од Косово, од Албанија, од Јужна Србија да земат државјанство за да биде нивната бројка голема и со тоа да докажат дека се автохтони. Такви дојденци дури имаме и во нашиот Парламент. На овој начин се крие и незаконскиот стекнат имот, узурпирани земјишта, дивоградби, т.н. итн.

Почитувани пратеници, сето ова што го кажав досега негативно беше по нашата држава, но да не заборавиме дека уште по негативно и ќе имаме голем срам што ни го носи овој попис. Значи, Женевската конференција за поранешна Југославија при ООН и Комитетот на министри на Советот на Европа немаат доверба во Владата на РМ и во Републичкиот завод за статистика, па наметнуваат нов, вонреден попис само 3 години поминати од редовниот попис од 1991 година.

Тој попис ќе биде контролиран од меѓународни комисии. Знаеме поправен испит кога се има, ова е наш поправен испит, во тој случај се формира Комисија после второто паѓање на испит. Овде уште после првото паѓање се формира Комисија.

На суверена и самостојна држава се нема доверба, па би ги прашал претставниците на Владата и на Републичкиот завод за статистика што работеа на овој закон во Кој други држави е наметната ваков попис. Се зборува дека нема во друга држава. Можеби има иницијатива во некои земји, но никаде не е спроведено. Ние сме први во спроведувањето на ваквиот попис, а драги пратеници, Македонија беше во бивша Југославија и прва со колективизацијата, први ги поклавме и козите. Прва Југославија беше во спроведувањето на самоуправувањето, како и многу други работи. Први го сменивме и името, под име Бајрам. Но пописот има и свои позитивности.

Пописот се изведува за прв пат во суверена, самостојна држава Република Македонија, име за внатрешна употреба и"БАЈРАМ", тоа за надворешна употреба. Божем за 2 месеци, но еве поминаа 10 месеци, па ќе видиме и до кога. Тоа беше прво.

Второ, Албанските политички партии ќе немаат изговор за нов бојкот на пописот, бидејќи сега е застапен и јазикот на националностите. Широкоградо подаден од левиот блок.

Трето, конечно ќе се знае точната бројна состојба на македонскиот народ и националностите во РМ.

На крај би го кажал и следното. Се врши голем притисок и пропаганда од некои политички партии и странство со благослов на актуелната политичка власт над македонскиот народ за неговото обнародување. Се очекува неговата бројна состојба дури и да се намали,

но затоа бројната состојба на малцинствата ќе се зголеми. Тоа иде во прилог на либанизација, боснанизација на Македонија. После тоа знаеме што не чека. Не чека војна, крв и нашата држава може да се претвори од таканаречена "оаза на мирот" во долина на смртта.

Споредувањето на пописот од 1991 година и 1994 година ќе видиме, ќе дознаеме, на тој начин колку има македонскиот народ и предавници, изроди. Еден ден и за лив ќе се поведе сметка. Актуелната политичка власт ќе си ја покаже својата неспособност, што дозволила обнародување, намалување на македонскиот народ во своја суверена држава. На време власта тогаш ќе мора да се повлече. Во спротивно македонскиот народ нема да прости и ќе ја исправи неправдата на свој својствен начин.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да прекинеме сега со работа, а утре во 10,00 часот продолжуваме.

(Седницата прекина со работа во 17,20 часот)